# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 септември 2007 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги повикувам службите да ги затворат вратите на салата.

Почитувани дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елмазе Селмани, Влатко Серафимов, Радмила Шекеринска, Љубчо Георгиевски, Фијат Цаноски, Арбен Џафери, Андреј Жерновск и Мендух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Бидејќи само 38 пратеници го користеа системот за гласање, ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 53 пратеника, па би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да започнеме со седницата.

Уште еднаш ги замолувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

На седницата присуствуваат 66 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Господинот Лазар Китаноски бара процедурално, повелете.

**Лазар Китаноски:** Почитуван господин потпретседателе, членови на Владата, господа пратеници,

Овој проблем не е непознат за кој сакам да сугерирам. Внимавајте.

Денеска во 9,00 часот е закажана Законодавно-правната комисија.

Во 10,00 часот, Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во 10,00 часот Комисија за европски прашања.

Во 10,00 часот Комисија за труд и социјална политика.

Во 13,00 часот Комисија за финансирање и буџет.

Ви 14,00 часот Комисија за одбрана и безбедност.

Ве молам, неколку пати сме зборувале, на крајот на краиштата да седнеме како пратенички групи и да се договориме. Еден ден мора да има слободен за комисиска работа, за подготовка на пратениците за наредната сесија на Парламентот, за амандманите. Тоа има врска со претседавачот на Парламентот. Не можам да сфатам зошто тоа не можеме да го решиме. Не е успешноста на Парламентот во тоа што секој ден ќе работиме. Работиме непродуктивно.

Ве молам да се пренесе на претседателот на Собранието да се направи координација помеѓу координаторите овој проблем денеска да го решиме. Јас не можам да го сфатам мнозинството мислат ако работиме пет дена во неделата ќе бидеме попродуктивни. Не е точно. Ни недостига еден ден за комисиска расправа, за подготовка на амандмани, за координација на пратеничките групи.

Ги поканувам Бонева, Ружди Матоши, Макрадули, нека седнат, бидејќи е ова сериозен проблем. Денеска имаме пет-шест комисии кои работат во исто време кога заседава Парламентот. Ако мислите дека со секојдневни седници дека е успех на владеачкото мнозинство, тоа нема врска. Ова најдобронамерно ви го кажувам. Земете ги сите мандати на сеите парламенти, иако е ирелевантно во крајна линија, да не ме сфатите политички, ирелевантно е колку биле успешни во тој поглед во донесување на законот. Треба да се донесат квалитетни закони. Еден ден за закони, еден ден за амандмани, за консултирање на стручни лица, за работа на комисиите и тн. Тоа нема врска со новиот деловник. Има врска со начинот на водењето на седниците од страна на претседателот на Собранието.

Ве молам најпозитивно да ме разберете, да не го чекаме деловникот, денешниот пример покажува дека погрешно работиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Китаноски.

Јас лично земав обврска да го запознам претседателот со вашето барање и се надевам дека во договор со шефовите на пратеничките групи ќе седнеме и ќе разговараме за овој проблем. Ви благодарам.

За денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за безбедност во снабдувањето со крв, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закно за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за плати на судиите, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за генетски модифицирани организми;

6. Предлог за донесување на закон за ѓубрива, со Предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за хемикалии, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на сакон за нус производи од животинско потекло. со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ветеринарно јавно здравство, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закн за сточарство;

12. Предлог за донесување на закон за заштита и благосостојба на животните, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи;

14. Предлог на сакон са ветеринарно здравство;

15. Предлог за донесување на закон са платниот промет, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Има збор господиное Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, благодарам, јас имам предлог за дополнување на дневниот ред.

Дозволете ми на почетокот да искажам задоволство и да пофалам што конечно претседателот прифати предлог кој порано на шест седници упорно го поставував и денес да пофалам што сите 15 точки кои се поставени се со знаменцето од Европската унија. Тоа е начинот како треба да работиме.

Но, за да го подобриме ова, сакам уште еден предлог да дадам.

На минатата седница кога излегов и кога побарав листа од тие 70 проекти кои биле стигнати во Собрание од Влада кои се за имплементирање со европското законодавство ни беше одговорено дека тоа ќе биде наскоро, за жал, до ден денес ја немаме добиено.

Јас се обидов и направив листа на 35 законски предлози кои се дојдени во Собранието и кои го носат знакот за усогласување со Европската унија.

Мојот предлог е следен.

Денешната седница да ја надополниме со останатите 20 точки кои носат знак од Европската унија и таа да биде седница која ќе биде исклучиво со законите за усогласување со Европската унија, со исклучок на трите закони кои се однесуваат на судството за кои сметам дека треба поголема консултација помеѓу пратеничките групи и може да доведе до закочување на одредени закони кои се предложени овде.

Затоа предлагам дневниот ред, потпретседателе, за да не ги читам, вие ги знаете сите, сите закони, освен законите за судството и да не се прекинуваат меѓу нив да се уфрлуваат точки кои можат да предизвикаат, знаеме кои точки, поголема расправа овде во Собранието и тие точки да бидат на една седница и тие да ги донесеме.

Мојот предлог е тој, барам поддршка од 10 пратеници, доколку имам, тоа потпретседателот ќе каже, но еве како што гледам реагираат пратениците, благодарам на сугестијата, барам мојот предлог да биде ставен на гласање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Ве млам господа, јас мислам дека ваков предлог за дополнување на дневен ред со толку голем број на точки без координација е малку тешко.

Господинот Најдовски има конкретен предлог, има листа од 35 точки, но како и да е јас сум обврзан да побарам дали господинот Најдовски има поддршка од 10 пратеници, но не треба, во ред.

Тогаш предлогот на господинот Најдовски денешниот дневен ред да се надополни со листа од 20 или 35 точки го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 50 пратеника, за гласаа 19, воздржани 3, против 28.

Констатирам дека предлогот на господинот Најдовски не е прифатен.

Процедурално бара господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседател, мислам дека избрзавте со предлогот да го ставите на гласање. Мислам дека беше многу подобро да се свика координација се со цел да се направи договор. Мислам, ако има согласност од опозицијата да се даде приоритет на овие закони кои треба да ги донесеме, а се врзани со Европската унија, можеби е добро денеска да ги донесеме овие што се на дневен ред, а веќе на првата наредна седница, согласно Деловникот, не знам како можат да се повлечат тие од дневен ред и да се стават сите. Може, дури работиме денеска, по овие приоритетни закони, бидејќи гледам дека сите се поврзани со Европската унија, да се направи предлог, согласно Деловникот и сите оние закони што се врзани за Европска унија да ги ставиме на една седница и да ги донесеме и за ден два да завршиме работа.

Мислам дека ако е искрена определбата, бидејќи вчера се покажа, расправаме за закон врзан за Европската унија, па не успеавме за 15-тина минути да обезбедиме продолжување на работното време и да го донесеме.

Мислам дека не треба да брзаме со гласање ако е предлогот кој е во функција на носење на законите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Јас сум обврзан кога пратеник дава предлог да го ставам на гласање, без разлика дали според вас или според мене е издржан тој предлог или не.

Но, како и да е, најдобро е за ова прашање да се дискутира на една од наредните координации.

Бидејќи нема повеќе пријавени, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласале само 55 пратеника, би ги повикал службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во моментот на гласање во салата беа присутни 70 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Збор побара Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван претседател, имам еден предлог за измена на дневниот ред и тоа точка 14 - Предлог на закон за ветеринарно здравство да биде точка 8, бидејќи законот за ветеринарно здравство е основен закон и од него произлегуваат другите закони од ветеринарството и затоа нема смисла да расправаме по другите закони, а последен да биде законот за ветеринарство кој е основен закон во ветеринарството.

Затоа предлагам точката 14 да биде точка 8, а точката 8 да биде точка 14.

**Бесим Догани:** Предлогот на господинот Дамески, точката 14 да биде точка 8, а осмата точка да го заземе местото на 14-та точка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 49 пратеници и сите 49 гласале за.

Констатирам дека точката 14 Предлог на закон за ветеринарно здравство станува точка број 8, а точката број 8 - Предлог за донесување на закон за нуз производи од животинско потекло, со Предлог на закон станува точка 14.

Продолжуваме со првата точка на дневниот ред.

**Предлог за донесување на закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Пред нас е Предлогот за донесување на закон за правната положба на црква, верска заедница или религиозна група, со Предлог на закон.

На почетокот сакам да дадам некои воведни напомени кои се однесуваат до текстот и содржината на законот.

Демократските промени во Република Македонија кои директно се рефлектираат и во делот и слободата на вероисповеста и на религиозните убедувања, како и потребата од постојано унапредување на човековите права и слободи ја наложуваат неопходноста од донесување на еден нов современ и демократски закон за правната положба на црква, верска заедница и религизна група.

Владата на Република Македонија оцени дека е потребно да биде донесен овој Закон, чии одредби се однесуваат со промените на Уставот на Република Македонија во поглед на слободата на вероисповеста на луѓето и со постојните меѓународни документи. Уставот на Република Македонија во членот 19 ја гарантира слободата на вероисповеста, слободно и јавно, поединечно или во заедница со други изразувања на верата.

Со измените на Уставот на Република Македонија во Амандманот 7 точка 1 се наведува дека Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелистичко методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред Законот.

Во точката 2 на Амандманот 7 се наведува дека Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија Католичката црква, Евангелистичко-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и на добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Исто така, сакам да напоменам дека и во Европската конвенција за човекови права пропишана и ратификувана од страна на Република Македонија во членот 9 се утврдува дека секој има право на слобода на уверување, совест и религија вклучувајќи го и правото на промена на религијата или уверувањето и слободата сам или во група, во јавност или приватност да ја изрази својата религија или убедување преку почитување, поучување, богоспожба, или обратно.

Слободата на изразување на религијата и убедувањето согласно Европската конвенција може да се ограничи само со закон и тоа доколку е тоа неопходно во едно демократско општество во интерес на национална безбедност, јавната

сигурност, здравјето или моралност, или за заштита на правата и слободите на другите.

Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група вградува решенија за гаранција на правата и слободите на луѓето по прашањето на изразувањето на верата, ја регулира правната положба на црквата, верската заедница и религиозната група.

Во подготовката на овој закон беа вклучени и релевантни субјекти, користена е експертска помош, прибавени се мислења од страна на претставници на меѓународни организации и дипломатски претставништва во Република Македонија, мислење на ОДХР и ОБСЕ и од страна на експерти и еминентниот форум на Венецијанската комисија на Советот на Европа.

Во Мислењето доставено од експертите на Венецијанската комисија се наведува дека нацртот на законот ги исполнува највисоките меѓународни стандарди за заштита на слободата и вероисповеста и во обезбедувањето на позитивна рамка на негова примена во практиката.

При подготовката на законот се имаа во предвид основите врз кои истиот се темели. Македонија по својата географска положба е крстосница на многубројни култури и религии кои вековно опстојувале на овие простори. Земјата е ризница на духовно богатство и богата историја на Македонскиот народ и различните етнички и верски заедници и на сите заедници. Културната и религиската различност претставува предност на Република Македонија претворена во изградени стандарди за взаемно разбирање, почитување и соживот.

Законот исто така ги инкорпорира со векови градените непишани норми на взаемно почитување, традиција и духовна толеранција кои ја манифестираат реалната состојба за живеење во Република Македонија. Тоа исто така има за цел да ги унапреди постојните процеси и позитивните трендови во земјата.

Што се однесува до самите одредби од Законот кои што се наведени тука сакам да ви кажам дека тие се одредби кои што се усогласени согласно мислењата кои ги наведов пред малку, и на Венецијанската комисија и на ОДХР, ОБСЕ и на другите релевантни претставници и меѓународни организации што учествуваа во мислењето или давањето на мислење по овој закон, така што согласно Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група во смисла на Законот се дефинира како доброволна заедница на физички лица кои со своето верско убедување и изворите на учење, за нивното учење ја остваруваат слободата на вероисповеста соединети во вера и идентитет изразен со подеднакво извршување на богослужба, молитва, обреди, или друго изразување на верата.

Согласно членот 3 од Законот што се предлага правото на слобода на уверувањето, на мислата и совеста ја вклучува и слободата на манифестирањето на својата вера или верување, што сам или заедно со другите јавно и приватно го има секој човек.

Исто така, Законот гарантира дека не е дозволена верска дискриминација. Црквата, верската заедница и религизна група има право на внатрешно слободно организирање со нивните органи на управување, принцип и хиерархија и надлежност и да определуваат лица кои ќе ги застапуваат и преставуваат и да донесуваат акти во врска со тоа.

Во членот 6 е содржана гаранција дека државата го почитува идентитетот на црквата, верската заедница и религиозните групи и другите облици на религиозно здружување и со нив воспоставува однос на постојан дијалог и развива облици на постојана соработка.

Она што е ново во Законот, за разлика од претходниот закон од кој што значителен дел од одредбите беа укинати од страна на Уставниот суд на Република Македонија сега во Законот се пропишува дека црквата, верската заедница и религиозната група се запишуваат во единствениот судски регистар на црквите, верските заедници и религиозните групи, со што се стекнуваат со својство на правно лице. Вие знаете дека според сегашниот Закон, тоа е многу важно практично регистрацијата на црквите и верските заедници и религиозните групи е во рамките на надлежноста на судот и судот води судски регистар за разлика од поранешните решенија кога тогаш го правеше управен орган, а ќе се согласиме дека секако подобро и позначајна гаранција е судскиот регистар отколку водењето на регистар од страна на управниот орган.

Надлежен за водење на единствениот судски регистар во Република Македонија за црквите, верските заедници и религиозните групи е Основниот суд Скопје - 2, а податоците запишани во судскиот регистар се јавни.

На крајот сакам да напоменам и тоа дека против решението на судот, со кое се одбива барањето допуштена е жалба до Второстепениот суд откако подносителот на барањето ќе ја поднесе жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во делот трети од Законот се уредуваат прашањата за богослужба, молитва и верски обреди, начинот на извршувањето на верските обреди и она што значи клоуконичко патување, што значи почитување на религиозниот пулт, верските обреди каде тие се остваруваат итн, јас нема повеќе околу тоа да се задржувам затоа што е јасно наведено во одредбите.

Во делот четири од Законот се содржани одредбите за верска поука и образовните дејности аналогно на уредувањето во Амандманот 7 од Уставот на Република Македонија.

Почитувани дами и господа пратеници,

Изразувам уверување дека Законот ги задоволува меѓународните норми, стандарди и очекувања. Очекувањата на сите оние на кои Законот се однесува, а тоа се граѓаните и претставниците на многубројните вероисповести во нашата држава.

Посебно сакам да нагласам дека беа особено значајни средбите и консултациите со великодостојниците, со лидерите и претставниците на црквите и на сите верски заедници кои непосредно дадоа голем придонес во разбирањето за потребите за донесувањето на Законот и постигнатиот висок степен на меѓу верска толеранција и во оваа прилика на сите сакам да им изразам голема благодарност.

Ве молам, имајте ги во предвид овие уводни напомени што ги кажав и одредбите од Законот, ве молам почитувани дами и господа пратеници во расправата што ќе се води да се утврди потребата и да се донесе Законот за правната положба на црква, верска заедница и религизна група.

Благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Маневски.

Има збор пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Почитувани колеги, претставници на Владата,

Дозволете накратко да го изнесам мојот личен став во врска со Законот за положбата на црквата, верската заедница и религиозната група, која денес е на дневен ред.

Мислам дека не е на одмет пред да се почне расправата по законот, да кажам само 2-3 реченици кои се во контекст на законот, а со кои Република Македонија е соочена и тоа не се некои новини, меѓутоа само заради контекстот на настаните.

Законот ги уредува верските слободи, го уредува правниот статус на црквата и верските заедници и религиозни групи, како и други работи кои обично се уредуваат со закон, начинот на организирање, нивната образовна дејност, верска поука, пикови итн, итн. Она што мислам дека важно денес да се разговара, барем од мој агол гледано е следново.

Република Македонија се соочува со еден историски факт кој е од понов датум, кога зборувам понов датум зборувам во контекст на 2000 години од Христијанството, од понов датум, кој целиот православен свет поттикнат од православните водачи на соседните православни цркви кон Македонската православна црква се однесува нечовечки, негаторски и ги нарушува правата за верска слобода на припадниците на Македонската православна црква, најчесто, без да бидам тенденциозен, се однесува за етничките Македонци.

Само да потсетиме дека Македонската православна црква е обновена уште во Втората светска војна со собирот кој е организиран од тогашните власти во Издеглавје - Охридско, а подоцна во 1467 година е прогласена за Автокефална Македонска православна црква и до ден денес не призната од другите православни цркви. Ова го кажувам само за да потенцирам дека денес во 2007 година негирањето на Македонската православна црква и правото на Македонците да имаат своја црква е правото на Македонците да имаат сопствени верски слободи, како што е во Универзалната декларација и на Обединетите нации и Советот на Европа и други меѓународни организации. Тоа право се негира, и не само што се негира туку македонската популација е изложена на константно, перманентно, секојдневно, агресивно и платено од страна на соседни држави, платени дејствија со цел одвнатре Македонската православна црква да се нагризува и по можност историски да се уништи. Затоа во Македонија соседните цркви, со оглед дека во медиумите тоа беше обзнанено и не видов никаква негација или одрекнување и да ги наведам Српската и Грчка црква за тоа најдоа и свои платеници во Република Македонија кои дирекно со пари на нивната црква, или трансферирани од нивните буџетски средства на нивните држави поттикнуваат одредени граѓани на Македонија да ја негираат Македонската црква и да создадат клима во која Македонците од Македонската православна црква да се придружат на некоја од црквите кои ќе бидат со седиште во Белград, во Атина, во СоФија или не знам каде уште не. Таквата состојба за Македонците, се извинувам на сите оние кои што не се Македонци за зборот, меѓутоа сега зборувам за Македонската православна црква, затоа што и таа е дел од ова законско решение и на сите други верници кои се пристапени кон Македонската православна црква. Македонската православна црква е доведена во ситуација постојано да мора да го докажува тоа што е основно право, меѓутоа исто така и постојано да биде под закана и негирање од православниот свет и од соседните држави. Никој не признава дека Македонците имаат право на сопствена црква.

Овој закон во светло на европски и светски декларации треба дел од тие прашања во Македонија да ги легализира, меѓутоа почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници се плашам дека овој закон ќе биде единствен во регионот кој ќе го почитува тоа и тоа што ние ќе го дозволиме со овој закон во Република Македонија ќе биде единственото право во регионот, а додека сите други членки и на европската и на светската заедница, за кој исто така важат универзалните декларации, па за некој дури важат и одредбите од декларациите на Европската унија, тоа право не го почитуваат на својата територија и вршат агресивна религиозна политика во Република Македонија. Особено во последниве десетина години отворена и од страна на Српската и Грчката православна црква.

Во тие услови Македонија сега е изложена пред опцијата која ни е понудена да потпише акт со

сила на закон, да го потпише гласањето во Собранието со кој ние ќе дозволиме на соседните цркви слободно да оперираат во Република Македонија, да основаат свои цркви, со тоа да ја финансираат, да ја загрозуваат слободата на Македонската православна црква и да продолжат да ја негираат со тоа што овој пат тоа ќе се легализира да го прават регистрирани во Република Македонија, од теренот на Република Македонија и, ќе си ја земам слободата да кажам, со платеници или одродени од Република Македонија.

Не можам поинаку да ги толкувам одредбите од членовите 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 од Законот, со кој да потсетам дека, ќе го користам зборот (сите верски заедници) за да не набројувам како што е тука поединечно и религиозни групи се запишуваат во единствен судски регистар кој со законот му е дадено да го води надлежниот суд во Скопје, Основен суд - Скопје, Скопје -2, претпоставувам ова е некоја грешка и дека за тоа треба да се исполнат услови кои се пропишани во член 12 и 13.

Условите во член 12 и 13 се да се достави до судот барање со записник на основачко собрание, акт за основање, акт за статутот, опис на изворите на учењето, одлука за определување на лице и доказ за државјанство на основачите и кон него да се достават соодветни потребни документи, како и актите за основање, име и назив на црквата односно верска заедница, седиште и адреса, опис на обележја и ознаки, име и презиме на лицата кои се должни да ги поднесат барањата и други технички прашања и членот 14 децидно вели: “Ако се исполнети овие услови кои сега ги набројав регистарскиот суд Скопје е должен во рок од 8 дена од денот на поднесување на барањето да ја запишат во црквата и верската заедница во регистарот на надлежниот суд.

Единственото ограничување е дека името и официјалните обележја на секоја нова црква, верска заедница или религиозна група, треба да се разликуваат од називите и официјално, обележја на веќе регистрирани цркви.

Претпоставувам дека не треба да спомнам, покрај регистрирана Македонска православна црква уште кое друго име може да го запише во Регистарот, согласно со овој закон, некоја друга црква која има интенција да ги стави Македонците во позиција, нивниот верски поглавар да биде зависен од Белград, евентуално од Атина. Тука ограничување од таков карактер не гледам.

За мене е совршено јасно дека со гласањето на овој закон ние изгласуваме можност во Република Македонија да се регистрираат цркви кои ќе ја негираат Македонска православна црква и на сопствено тло, со сопствен закон, со туѓи средства и со предавници ќе водат “војна” против нас самите, мислам војна за придобивање на верници.

Исто така, сакам да кажам дека сум зачуден од толкувањето на Македонска православна црква и нејзините највисоки, или еве да бидам прецизен, највисокиот човек на Македонска православна црква кој даде една изјава дека овој закон го подржува и дека оттука натаму очекува судиите и не знам уште како кажа, со верба во Бога и т.н., да пресудуваат како што треба, при регистрирањето.

Сакам да укажам дека согласно овој закон судиите не судат за регистрирање на верска заедница, тие немаат судски одлуки за ова, туку согласно членовите 10 и 11 и особено 12 и 13, вршат упис во Судски регистар, што е сосема, сосема различно од судска пресуда и дури во член 14 пишува дека ако се исполнети условите кои сите ги имате пред вас и апсолутно не се исклучиво тешки и низ кои, не само низ, така да кажам, иглени уши, туку на автопат, ќе се промовираат во Република Македонија цркви кои финансирани од странство, ќе имаат задача да ја негираат нашата црква, ќе мора да ги упишаат во рок од осум дена.

Сакам да изразам сериозна загриженост дека тоа што се случува во Република Македонија и штоне е ништо ново, со овој закон може да се случи да се легализира и за тоа никој нема да ја сноси вината во регистрациониот суд Скопје затоа што тие се должни, тоа што е пропишано со закон да го спроведуваат, како регистрација, да го правиме по сопствена волја тоа што никој во соседството не го прави, а да немаме правни механизми да се одбраниме од тоа што од соседството ни го правата по пат на финансирање, устоличување и т.н., на верски заедници и цркви, конкретно православни цркви кои имаат намера да ја негираат Македонска православна црква. Од тој агол мислам дека треба многу сериозно да размислиме како овој закон ќе се одрази во јавноста. Мене господин министер воопшто не ми е страно мислењето дека овој закон можеме да го разгледаме во прва фаза, лично зборувам, да го разгледаме во прва фаза, а некои одредби уште еднаш да се продискутираат малку посериозно, од причините за кои зборував претходно.

Исто така, дозволете за две одредби кои се за мене чудни, да побарам толкување или мислење.

Едната одредба е за амандманот кој е поднесен од страна на Владата и кој е составен дел на законот, кој зборот “граѓанин”, во членот 3, го менува со зборот “човек”, што мислам дека е многу чудна формулација, минимум од две причини, што во Уставот пишува дека секој има право на верска слобода, да не го цитирам сега како е членот 19, а во членот 2 од Уставот пишува дека граѓаните се тие од каде произлегуваат правата, суверенитетот и обврските во Република Македонија. Таму не се употребува зборот човек. Така што ми е чудно дека од Уставот произлегуваат права и слободи на граѓанинот, а во законот се предвидува употреба на поимот човек, согласно со меѓународните конвенции,

особено што во членови од законот, на пример во членот 4, веднаш после амандманот кој го доставила Владата, дека тоа право го има секој човек.

Во членот 4 во ставот 2 пишува “верското убедување не го ослободува граѓанинот од обврски”.

Мислам дека во законот почнуваат да се мешаат поимите граѓанин и човек, едниот во правна смисла, како граѓанин, а другиот во смисла на законот, како човек, што мислам дека ќе создаде мали забуни.

Мислам дека самиот закон пати од проблеми кои ги наведов и во контекст на некои политички активности кои Република Македонија треба во иднина да ги спроведе, самиот закон ставен на стаклена куца нога која брзо може да се скрши врз грбот на етничките Македонци и особено на православните Македонци, бидејки има и во други вероисповести. Затоа членот 37 кажува дека законот треба да стапи во сила од 1 мај 2008 година. Мислам дека самиот датум определува дека овој закон има некоја фалинка која не смееме да ја спроведуваме до некое дејствие што треба да се случи во април 2008 година, а после тоа ќе видиме понатаму. Меѓутоа, верувајте дека не гледам ситуација во која после 1 мај 2008 година, во рок од еден месец нема да ни се случи тоа за што зборував на почетокот. Тогаш не знам како сами пред себе ќе се справиме со ситуацијата, особено имајки предвид дека некои други наши генерации, без разлика каква била валста тогаш, на која најчесто сакаме од оваа говорница да исплукаме сочно, направила чекори во насока на зачувување на верските слободи, во 1944 и 1967 година, на македонските православни верници, а сега одиме очигледно чекор во, јас би рекол, непознат правец. Во таа рамка, исто така со должна почит, меѓутоа, со оглед на тоа што во Уставот пишува дека пратениците се самостојни и делуваат по својата совест, сметам, господин министер и господа пратеници, дека понекогаш, со оглед на одобрувањето на Македонската православна црква, со диреква изјава на одредбите во овој закон, пратениците во овој случај треба да ја заштитат Македонската православна црква од самата Македонска православна црква. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Во име на пратламентарната група на ДУИ, бидејки се работи за многу значаен закон за нас е многу значајно да видиме што рекол претставникот на Владата, што значи бараме стенограмот од неговата дискусија да го добиеме.

Значи бараме 40 минути пауза за да можеме да ги добиеме стенограмите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

За да се извадат стенографските белешки потребни се некаде 40-тина минути, така што објавувам пауза. Паузата ќе се спои со редовната пауза за ручек од 14,00 до 15,00 часот, така штопродолжувам со работа во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа, после паузата дадена по барање на пратеничката група на ДУИ.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

(За збор е пријавен Никола Ќуркчиев)

Цело време гледав на екранот, немаше, сега се пријавивте, не е никаков проблем господине Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, благодарам, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Вероисповеста како инвидуална многу интимна, би рекол морална компонента на секој човек, што како вредност и право е гарантирана со нашиот Устав, сама по себе по својата суштина е материја која во основа е многу комплексна, имногу чувствителна.

Значи, денес на дневен ред на Собранието на Република Македонија е регулирање на материја која и само површно да ја анализираме предизвикува контраверзии, дилеми и сомневање. Особено ако се земе предвид знаменцето на Европската унија кое стои пред насловот на овој закон, понатаму нашето подалечно и поблиско минато и искуствата што сме ги имале кога е во прашање сферата за која  денес расправаме и актуелните состојби, потребите и можностите на нашето општество и на крај нашата интенција како држава во сопствена пракса да имплементираме европски стандарди.

Почитувани колеги пратеници, доаѓам од регион во кој граѓаните имаат силно чувство за сопствената вера, имаат традиција на нејзиното почитување и манифестирање. Регион во кој за граѓаните не прикосновен е ставот дека кога се работи за религија и вера, православното христијанство преку Македонската православна црква е најјасното и најсилното духовно олицетворение на македонскиот народ и македонската државност со столетија наназад.

Незадирајќи воопшто во другите вери кога се работи за православното христијанство сите тие граѓани мои сограѓани, па и јас самиот, а верувам и добар дел од останатите колеги пратеници многу добро ги знаеме приказните за протагонистите, политиките и целите на Пеќко-патријаршката Вардарска епархија, ФНРЈ-отската-скопската митрополија и Егзаргската-охридска архиепископија.

Имајќи ги во предвид современите примери од овие три клучни и постојано присутни политики

контра Македонската православна црква, сакам по повод дебатата во врска со овој Предлог-закон да отворам неколку или споделам дилеми. На начин со кои механизми токму ваквиот Предлог-закон по усвојувањето, се разбира, ќе овозможи конечно да ги ставиме зад нас горките искуства на негаторско на Македонската православна црква кои дефинитивно за своја крајна цел никогаш ја немале црквата, туку ни помалку ни повеќе за цел ја имале токму македонската држава.

Ова, чинам, ако за ништо друго, тогаш заради многу искрената желба да не ни се повтори повторно она што веќе го имавме во 2004 година кога овој ист Парламент расправаше и донесе Декларација со која се изрази недвосмислена подршка кон афтокефалноста и единството на Македонската православна црква.

Втора работа на која сакам да се задржам во мојата дискусија е образложението со кое се појаснува потребата од носење на овој и ваков закон. Стои дека - цитирам: “со законот за верски заедници и религиозни групи од 1997 година уредено е прашањето на дејствување на верските заедници и религиозни групи во Република Македонија”.

Во текот на неговото важење и примена Уставниот суд на Република Македонија укина значителен број на членови од истиот така што тој практично стана неприменлив и поради тоа една од причините, се разбира, се наметна потреба од носење на решение со кое, со оглед на карактерот на одлуките на Уставниот суд, не би можеле да се изготват со измени и дополнуање на постојниот закон.

Почитувани колеги пратеници, искрено воопшто немав јасен преглед што Судот има укинато од Законот за верски заедници од 1997 година, меѓутоа, случајно ми падна во раце и го разгледав внимателно истиот и го споредив со денешниот Предлог. Ме изненади крајниот резултат затоа што законот што се предлага денеска да биде донесен се поклопува да неречам 90% е идентичен со Законот од 1997 година. Да биде можеби за некои колеги забуната голема, околу 10-те % со кои се разликува овој Предлог закон од стариот Закон се содржани воглавно во Глава 2 во која се воведуваат две новини односно се предвидува единствен судски регистер на верските заедници и религиозни групи и Основниот суд Скопје 2 се утврдува како надлежен Суд за регистрација.

Оттука, почитувани колеги, кај мене оправдано се јавува дилемата дали новиот закон ќе биде применлив од аспект на неговата уставност затоа што ги содржи сите одредби кои, како што вели предлагачот, Уставниот суд ги укинал во стариот закон, па затоа една од причините е таа за носење на нов закон.

По однос на текстот на Предлог законот, важна работа е дали при изготвувањето на овој Предлог закон предлагачот ги разгледал можностите дека по носење на овој закон ќе се овозможи многу лесно и едноставно во Република Македонија наводно во име на верата да се регистрира можеби се и сешто. Дали, едноставно кажано, сакајќи да се поедностави процедурата за регистрација не влегуваме во контраваријанта, не велам од лоша намера, да овозможи или да се овозможи во име на верата да се регистрираат цркви, верски заедници или религиозни групи кои најмалку имаат врска со верското учење. Бидејќи Основниот суд Скопје 2 добива улога на регистрационен суд за цркви, верски заедници и религиозни групи, во членот 12 и 13 регулирано е врз основа на што и во која процедура се врши регистрацијата.

Да немаме искуство, како што имаме, не би ја отворил оваа дилема, меѓутоа, за наши услови логично е да се праша дали само техничката улога што ќе ја има регистрациониот суд не е преголем и пререален ризик од аспект на фактот што сферата на вероисповеста, па и законот што ја третира повеќе од јасно е дека освен техничка, содржи и верска, правна, па дури би рекол и политичка компонента.

Почитувани колеги пратеници, ниту во Република Македонија како држава, ниту пак во земјите во соседството регионот во Европа не е туѓо искуството на моменти кога поединци, седно дали се црковни или световни великодостојници знаеле да бидат заведени од определени политички мотиви, знаеле да се фатат рака под рака со луѓе кои работат за туѓи интереси и интереси на други држави и цркви.

Не е туѓо искуството ниту пак на тренд на политичко помодарство во религијата и затоа како човек, пратеник, православен христијанин пред да се определат по однос на овој закон сакав најдобронамерно, гласно да ги поставам некои дилеми. Или уште поконцизно да кажам како со овој закон Република Македонија и Македонската православна црква ќе се одбранат од неспорно постоечки туѓи аспирации кои на почетокот на мојата дискусија ги формулирав како приказните за Пеќко-патријаршката-Вардарска епархија за ФНРЈ-отската скопска митрополија и Егзарската Охридска архиепископија.

Како со овој закон ќе се оневозможи во Република Македонија да се регистрира се и сешто однсно во името на слободата на вероисповед, под превезот на црква, верска заедница или религиозна група да се легализира постоење и дејствување на организации во чија суштина има се нешто, туѓи интереси, политика, но најмалку или воопшто нема да има вера. Нормално, би сакал да знам кој е официјалниот став на Македонската православна црква, па и на Исламската верска заедница во однос на Предлогот за кој ние денеска расправаме иако знам дека тие формално немаат обврска својот официјален став да го достават до нас пратениците. Но, навистина ме интересира и би сакал да знам што од двете најголеми верски

заедници, или нивните поглавари мислат за овој Предлог закон. Или можеби некој ќе се запраша зошто толку голема тишина е од нивна страна, дали можеби затоа што законот нема да важи веднаш по донесувањето, дали заради добрата желба на Владата која може да обезбеди средства за финансирање на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување на свештените лица односно верските службеници.

Верувам дека при подготвување на текстот на Предлогот предлагачот секако ги има консултирано.

Почитувани колеги пратеници, не сум против носење на закон за правната положба на црквата, верска заедница или религиозна група. Напротив, мислам дека нема или не би сакал да има некој колега пратеник кој би го ускратил правото на слобода на вероисповест, сите дилеми и прашања што ги отворив во дискусијата лебдат во овој Предлог и ми даваат за право да констатира дека овој Предлог за наши прилики е премногу либерален, едноставно остава премногу простор да немаме одговор на можеби круцијалното прашање дали и колку Република Македонија како држава има механизми и инструменти да се справи и заштити од злоупотреба на вероисповета регулирана токму на овој начин.

Сосема на крај, иако некаде во Предлог законот не сретнав одредба, претпоставувам дека свештените лица и верските службеници матичните и другите книги, согласно Уставот и законите ќе ги водат на македонски јазик со кирилско писмо. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Денеска расправаме за еден многу важен и значаен проект за Република Македонија за остварување на нашите уставни определби во овој дел на изразувањето на вероисповеста за закон кој е ставен на листата закони кои ќе значат унапредување во процесот на евроинтеграции во Република Македонија, закон за кој имаше дебата повеќе или помалку корисна или плодна, закон за кој имавме одредени ставови и мислења од верските заедници и религиозните групи во Република Македонија или барем од нивните поглавари.

Јас како припадник на православната религија би сакал да дадам одредени свои забелешки по однос на овој закон заради тоа што донесувањето на еден ваков закон, она што во моментот се случува односно се случувало до сега со Македонската православна црква во Република Македонија, навистина имаме една многу голема одговорност како Собрание на Република Македонија, меѓутоа, не само ние како законодавна власт, туку и црковните власти кои верувам дека овој закон го разгледале од сите нивни аспекти пред да го изразат својот став кој беше искажан преку архиепископот на Македонската православна црква дека го подржува овој закон.

Навистина очекував дека законот ќе има одредби со кои ќе ги исполниме начелата за слобода на вероисповеста, одредби кои нема да бидат наметнати од одредени случувања во Република Македонија кои беа пред извесен период, меѓутоа и закон со кој ќе можеме доволно да ја заштитиме Македонската православна црква од влијанијата кои постојано ги имало од постоењето на Република Македонија или многу порано од постоењето на Охридската архиепископија и Македонската православна црква, а тоа се пред се соседните цркви како Српската православна црква, Грчката, Бугарската, или веќе најавувни уште неколку православни цркви кои би сакале да се формираат на територијата на Република Македонија.

Мислам дека овој закон треба да биде навистина закон со кој ќе се гарантира вероисповеста или вероизповеданието во Република Македонија, меѓутоа, никако не сметам дека ова треба да биде закон кој ќе овозможува да се злоупотребува вероисповеста во Република Македонија. Впрочем, со одредбите кои се понудени во овој законски текст, мислам дека има големи и реални шанси да имаме навистина злоупотреба на вероисповеста во Република Македонија со самото тоа што немаме доволно заштитни одредби во делот на она што го говорев за Македонската православна црква како афтокефална македонска црква во Република Македонија.

Заради тоа што законот нуди регистрирање на црква, верска заедница или религиозна група во Република Македонија пред Основниот суд Скопје 2 кој е како регистрационен суд по претходно исполнети услови кои се пропишани во членовите 12 и 13 од овој закон. Тоа се децидно набројани одлуки, документи кои треба да се поднесат до регистрациониот суд.

Сакам да ја искажам мојата делема или длабока убеденост дека токму овој член во кој се регулира дека Основниот суд Скопје 2 е регистрационен суд не е никаква заштита на Македонската православна црква заради тоа што тоа е само суд кој е должен да регистрира црква, верска заедница или религиозна група ако се исполнат условите предвидени во членовите 12 и 13 со поднесување на документите кои, мора да признаеме не се многу тешки за исполнување, недоволно јасни во кои не се наведува ниту колку би требало да биде бројот на членовите во одредена црквава, верска заедница или религиозна група кои треба да донесат одлука на Основачкото собрание како еден минимум или еден од условите да се направи опис на изворите на учењето од членот 2 став 1 од овој член што

секој што ќе посака во Република Македонија, а најмногу оние што постојано претендираат наназад многу години на претензии кон Македонската православна црква на негирање на постоењето на Македонската православна црква, а со тоа и на македонскиот народ да можат да навлезат длабоко во Република Македонија преку вероисповеста.

Тука ја гледам причината дека наместо да имаме закон кој што ќе гарантира вероисповест во Република Македонија да имаме закон со кој што ќе се овозможи злоупотреба на вероисповест.

Посебно заради тоа што знаеме сите ние дека веќе во Република Македонија последниве две години дејствува некаква православна црква или охридска архиепископија што ниту е регистрирана, ниту треба да се регистрира во Република Македонија. Што има услови според овој закон да биде регистрирана, нормално после стапувањето во сила на овој закон, одлагањето на примената на овој закон нема да не одведе кон решение на овој проблем или нема да го одложи проблемот. Сето ова многу ме потсетува на изјавите што ги даваат некои црковни великодостојници дека она што се случи во Ниш, со нишкиот договор веќе е мината работа. Да не биде она што ќе го донесеме денеска во 2007 година, ќе биде мината работа во 2008 година, па ќе мораме да размислуваме на некој друг начин. Меѓутоа мислам дека ќе биде доцна заради тоа што тогаш кога тоа го направивме и разговараа за нишкиот договор и ставија некои потписи сега од истите нив иако се негира имаме последици, што значи регистрирање на некаква нелегална црква во Република Македонија.

Само за илустрација Томосот кој што српскиот патријах Павле го има дадено за Охридската архиепископија покрај другото што е многу опасно за Република Македонија и посебно за Македонската првославна црква говори дека покрај назначувањето на тој и тој за епископ на Охридската архиепископија му се предава и целокупниот имот на Српската православна црква во Република Македонја, над 350 средновековни цркви.

Со создавањето на услови за регистрација на таквата црква во Република Македонија ќе се створат услови за правни субјективитети за воспоставување можеби на низа процеси кои ќе значат една таква работа во Република Македонија.

Мислам дека во овој законски текст доколку имаше одредба со која што ќе може да се заштити Македонската православна црква со тоа што ќе може да поднесе жалба на решението на регистрациониот суд како заинтересирана црква, заради тоа што не е доволно да си го остварите сопственото право, било кое во Република Македонија, а притоа да биде нарушено моето право. Тогаш ќе мора да реагира државата за да ми го заштити моето право преку некаков механизам. Тоа во законот го нема и токму заради тоа јас се сомневам дека може да ни се случи веднаш по стапувањето на сила на овој закон за месец дена да се регистрираат неколку цркви во Република Македонија. Може да се регистрира Српската прваославна црква, Грчката православна црква или пак Бугарската православна црква. Имаме случај во кој што поранешни премиер на Република Македонија е со бугарско државјанство и нема да не чуди многу скоро да имаме и Бугарска православна црква во Република Македонија, или уште некои други кои што се најавуваат во текот на донесувањето на еден ваков закон.

Инаку ваков либерален закон нема да биде ниту голем плус во напредокот за Европската унија ниту голем минус. Како пример ќе ви наведам само во моментите кога Република Бугарија се приближуваше кон Европската унија или во оној момент кога очекуваше да стане член на Европската унија поддржана од некои политички кругови, од еден поранешен претседател на Република Бугарија се формираше паралелна православна црква со поглавар Пимен виза ви Бугарската православна црква која што беше во тој период со поглаварот Макси, наводно заради близина до овие или оние политички кругови. Токму тогаш таа власт во Република Бугарија греши. Се огреши не пред Меѓународната заедница, се огреши пред сопствените верници, пред Бугарската православна црква затоа што се дозволи да се воведе една таква моќна црква и да дејствуваат неколку години заедно. Меѓутоа, непосредно пред влезот на Република Бугарија во Европската унија се направи единство со тоа што Бугарија ја призна Бугарската православна црква како традиционална црква во Република Бугарија и со тоа ништо не наштети на Република Бугарија во евроинтегративните процеси. Така мислам дека една одредба која што ќе значи дефинитивно заштита на Македонската православна црква и на верниците на Македонската православна црква, а според податоците, тоа се некаде околу 66% кои што се изјасниле како православни верници, мислам дека ќе направиме една добра работа, ќе одговориме на предизвикот кој што се поставува денеска пред нас и ќе покажеме дека навистина сме одговорни.

Инаку, сите ние кои што, ќе се поддржи овој закон, ќе го донесеме денеска навистина ќе бидеме доведени во незгодна ситуација првиот ден по формирањето на било која православна црква, затоа што има претензии на Македонската православна црква и тогаш многу потешко ќе можеме да ноаѓаме механизми како и на кој начин да ја штитиме македонската православна црква. Од тој аспект мислам дека и оние кои што разговараа од името на Македонската православна црква, кои што изнесоа изјава во јавноста дека ова е добар закон треба да им се верува дека е добар закон и дека се штити Македонската православна црква со овој закон, меѓутоа за мене, со една голема задршка, ако се случи да се регистрира друга православна црква

која што ќе наштети на угледот на Македонската православна црква, на цврстината на Македонската православна црква, на македонските православни верници тогаш навистина и ќе мора да се побара одговорност.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеникот Сафет Незири.

Се извинувам за реплика се јави колешката Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Најпрво сакам да кажам дека и јас сум верник и овде сите во Парламентот на Република Македонија сме растргнати помеѓу желбата да имаме религиозно единство на црквите на кои што припаѓаме односно на Македонската православна црква, или Исламската верска заедница, Католичката црква, Еврејската заедница. Но секако овде како Парламент имаме обврска да зборуваме пред се за почитувањето на човековите слободи и права. Тоа е тоа што се бара од сите нас како држава, како земја за да можеме да гонаправиме чекорот кој што сите го посакуваме, кој што го посакува 90% од граѓаните на Република Македонија, а тоа е влегување во НАТО, во членство во НАТО и во Европската унија.

Начинот како да ја заштитиме МПЦ уште во претходниот состав на Парламентот кога се појави, туку што се појави вранишковски и неговата црква, аспирациите на Српската православна црква токму Парламентот на Република Македонија со огромен број на мнозинство и од опозицијата и од парламентарното мнозинство усогласувајќи еден текст на декларација донесовме Декларација за поддршка на автокефалноста на Македонската православна црква.

Колегата Оливер кажа дека треба да ја заштитиме Македонската православна црква од Српската, Бугарската, Грчката православна црква кои што ја негираат Македонската православна црква и кои што сакаат да навлезат длабоко во Република Македонија преку исповеста.

Јас морам да напоменам дека не сме 19-ти век, верниците на Православната македонска црква не смееме да ги сметаме за незрели луѓе и не треба да ги потценуваме граѓаните верници на Македонската православна црква бидејќи тие многу пати до сега, во минатото и сега знаат да покажат каде треба да бидат и знаат да покажат што треба да веруваат.

Значи, овој закон треба да го гледаме од аспект на почитување на човековите слободи и права и судовите да бидат тие кои што ќе утврдат дали некој ги исполнува условите, или не за да може да се обезбеди слободата на вероисповест во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Колешке Бонева јас токму за тоа говорев. Законот кој што се предлага во Република Македонија да се донесе во моментот треба да биде закон кој што ќе овозможи слобода на вероисповед, почитување на човековите права, меѓутоа не закон кој што може да продуцира злоупотреба во вероисповеста во Република Македонија. Апсолутно сметам дека граѓаните на Република Македонија најдобро знаат и ценат. Реакциите ги знаете и во вардарската епархија и во пелагониската епархија кога се случуваа настаните во Република Македонија. Многу пожестоко ќе ни се случи овде ако немаме механизми тоа наследство да го заштитиме духовно во моментот кога ќе дозволиме да се регистрира било која друга црква која претендира врз авгокефалноста врз Македонската православна црква.

Токму тоа јас ви говорев, а ќе дојдеме до тој ден па тогаш ќе коментираме како и на кој начин. Сега само ги кажувам моите дилеми и стравувња што може да призлезат од овој закон.

**Иван Анастасовски:** Повелете, има збор пратеникот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас и не само јас туку и мојата парламентарна група го анализиравме Предлогот на законот за верските заедници во Република Македонија. Пред се, се разбира дека се работи за исклучително чувствителна тема, тема која што е принципиелна и која што има, да не го употребам зборот, можеби “меч со две острици”. Од аспект на уредувањето на односите меѓу заедниците во Република Македонија, оние кои што до сега биле регистрирани, или пак да кажам легитимни и кои што не ги спорам, не ги спорам и другите, не спорам резервирани групи за кои што не треба да значи дека и тие не се легитимни. Значи легитимни се сите оние верски групи во Република Македонија, меѓутоа пред се врз основа на информациите со кои што ние располагаме мислам дека предлагачот на овој Предлог на закон и во целост Владата не се консултирале доволно, колку што е потребно околу тоа дека навистина кое е наметнувањето на времето за предлагање на еден ваков закон.

И се поставува едно јавно прашање - дали предлагачот на овој закн ги ставил на вага јаболките за тоа што може да имаме како позитивна последица, меѓутоа и како негативна последица околу предлагањето на овој закон, или пак само затоа што треба да се исполнат некому желбите и аспирациите без оглед дали се работи за аспирации на некој што е внатре во земјата, или пак надвор од земјата, во странство.

Јас мислам дека Република Македонија, гледајќи го нејзиниот национален состав, меѓутоа и етнички состав, меѓутоа е состав кој што е со една дискусија и до ден денес иако односите, меѓу верските односи биле релативно на потребното ниво, меѓутоа со измените  кои што сега се предлагаат или пак се нудат, навистина ќе се постави прашање какви ќе бидат односите во иднина, бидејќи самиот закон не предлага ниту една форма на механизми за надминување, елиминирање или пак подобрување на некоја тенденција која што е во однос на штетата на верниците на секоја верска група во Република Македонија.

Да ви кажам право, ние како парламентарна група не сме имале некоја информација ниту од верските заедници кои што ден денес  се во функција и ќе бидат и во иднина, се разбира и кои што се легитимни. Меѓутоа забелешките и сугестиите во однос на овој предлог, понуден Предлог на закон за кој ние навистина  би дискутирале на еден подетален начин со факти и аргументи. На пример од Исламската верска заедница на Република Македонија не сме добиле информација, ниту како пратеници, ниту како парламентарна група. Евентуално до колку имале некоја сугестија или забелешка, или разни преференци за измена на предложениот текст, што само по себе покажува дека до колку нешто не се спори, можеби “и се согласуваат” со предложениот текст на законот.

Се поставува прашање каква ќе биде позицијата на верниците утре во Република Македонија, без оглед  на која вера припаѓаат граѓаните на Република Македонија.

Јас тука не забележав механизми за тоа како ќе се заштити правото на еден верник како ќе ја брани својата вера. На пример до колку се јават разни групации, верски групации во Република Македонија кои ќе се исповедаат на овој или на оној начин или ќе кажуваат за некоја вера, а законот дозволува еден верски плурализам во Република Македонија, како тогаш ќе се штитат граѓаните односно верниците во Република Македонија од разните тенденции, како ќе се заштитат.

Јас мислам дека, не мора да значи, ја слушнав и нашата колешка Силвана Бонева која нагласи дека е за исполнување на некои критериуми за зачленување на Република Македонија во структурите на Европската унија и НАТО и дека тоа е услов за тој влес. Јас се согласувам со тоа, меѓутоа формата на донесување на законот, тоа се разни форми и начини со кои може да се донесе  еден закон. Но, во прв ред треба да се штитат правата на граѓаните, правата на верниците и слободите на човекот, затоа што, како што нагласив малку порано, механизмите за заштита на верниците од овој закон, не се предвидуваат така како што би требало да се предвидуваат. Една ваква работа јас ќе спомнам само симболично, кога една таква тенденција се случи во 1994 година кога имаше обиди за поделба на една верска заедница за да се направат повеќе верски заедници, без да постои еден ваков закон. Меѓутоа, тоа се надмина со разни сили, се разбира демократски и институционални начини. Меѓутоа, сега бидејќи се дава простор, навистина не се знае како ќе течат настаните и кои ќе бидат последиците утре.

Многу добро знаат верниците од православната вероисповест какви проблеми и до ден денес има Македонската православна црква, со таканаречената нелегална црква на Јован Вранишковски. Дефакто и дејуре, како да е, под притисок на северниот сосед, или пак без притисок, црквата на Вранишковски на некој начн сепак ќе се легализира. Ова е обид или тенденција за легализација на разни верски групи во Република Македонија, паралелно што оние ден денес си постојат.

Уште еднаш ќе нагласам, јас не сум против и ние како парламентарна група не сме против да имаме повеќе верски групи во Република Македонија, меѓутоа нашата цел или намера е секој верник да биде заштитен од разните тенденции и обиди кои имаат разни позадини и кои можат да имаат последици за граѓаните и верниците тука. Значи треба да има оперативен механизам со кој ќе се заштити секој граѓанин во Република Македонија.

Според тоа, јас ги кажав моите забелешки и сугестии во насока на овој Предлог-закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колеги.

Три минути реплика за господин Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам потпретседателе.

Јас со внимание го сослушав дискутантот или колегата Незир, за неговата загриженост или забелешките на кои укажа во однос на овој закон.

Јас можам да му гарантирам на колегата дека овој закон нема да создаде конфузија или нестабилност во оваа димензија што е од големо значење и можам да кажам дека е доста чувствителна за самите граѓани. Напротив ќе создаде слободно изразување на вероисповеста на сите тие како се чувствуваат.

Господине Незири, вие знаете каков метеж и хаос имаше пред 4 години во Исламската верска заедница. Имаше еден извонредно голем метеж и хаос и не се знаеше кој е газдата на сето тоа и не се знаеше од каде и на кој начин се управува Исламската верска заедница, давајќи им можност на разните служби кои имаат свои гнезда во Исламската заедница разни секти и имавме тотална дестабилизација во оваа установа или институција. Сега господине Незири верувам дека сте задоволни и вие и вашето семејство и вашето опкружување дека во оваа Исламска заедница има почит, правило и се распределува сето тоа управување во секој агол од верските исламски институции, без недоразбирања и без негативни

крајни цели, во однос на функционирањето на оваа Исламска заедница. Затоа овој Закон ќе го зајакне овој позитивен развој, а и другите секти кои сакаат да ја искажат својата вероисповест во која веруваат, треба да се организираат и да ја искажат нивната верска убеденост, но не повредувајќи ги другите институции, како што беше случајот во текот на изминатите години кога се повреди Исламската верска заедница.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Колку време сме колеги со господинот Матоши, а тој сеуште не ми го знае презимето. Презимето ми е Незири, а не Незир.

Второ, јас не знам кој си ти или кои сте вие, вака службено ви се обраќам за да ми гарантирате дека ќе има или ќе нема последици во иднина.

Прво, доколку ме слушавте, јас не именував никого, ниту една институција за тоа што се правело во минатото, какви злоупотреби имало. Мојот обид беше, да законот треба да се донесе, меѓутоа треба да биде квалитетен и може да биде поквалитетен.

Што се однесува до Исламската верска заедница, не сакам да го коментирам случајот за тоа кој ја увредил верската заедница, меѓутоа многу добро знае поширокатa јавност во Република Македонија за тоа кој влезе внатре во Исламската верска заедница и какво насилие изврши.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор госпоѓа Иванка Цветанова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас многу накратко би сакала да го искажам своето мислење околу овој закон во целина и околу одредени решенија понудени во него.

Прво би сакала да го искажам својот став дека јас ќе го поддржам донесувањето на овој закон, но морам однапред да кажам дека имам свои сериозни забелешки и загриженост за одредени решенија, како одредени решенија ќе се реперкуираат при практичната примена на овој закон.

Свесна сум за важноста на овој закон дека тој ни е услов за членство во НАТО и секако во Европската унија, но исто така сум свесна за важноста на прашањето кое го регулира овој закон, за чувствителноста на прашањето, за едно основно право на граѓанинот, а тоа е слобода на вероисповест.

Јас консултирав една анкета и би сакала овде да ја соопштам дека сите овде треба да имаме на ум дека во Република Македонија повеќе од 65% од македонското население припаѓа на православната вера, а повеќе од 33% на исламската религија и сите други, тоа се вкупно околу 2%, припаѓаат на останати религиозни групи.

Бидејќи по правило јас се сметам себе си за демократ, јас секако настојувам и сакам на сите граѓани во Република Македонија да им се обезбеди слобода на вероисповест, вклучително и на овие 2% кои припаѓаат на помалите религиозни групи, но секако дека сум и за тоа дека треба да бидат заштитени од злоупотреба на практикување на слободата на вероисповеста и поголемите верски заедници.

Дозволете да ја искажам својата загриженост. Имено јас сметам дека законот не нуди механизам за заштита од злоупотреба на слободата на вероисповеста на одредени групи. Нема да зборувам посебно, бидејќи и јас сум верник пред се и припадник на православната вероисповест, нормално дека би зборувала од аспект на Македонската православна црква, но нема да зборувам за нејзиното значење, нема да зборувам за периодот кога е основана, нема да зборувам за периодот кога е возобновена затоа што тоа многу добро го кажа мојот колега Никола Поповски и секое додавање од моја страна би го нагрдила убавиот негов говор, но би го кажала следното:

Особено треба да бидеме загрижени дали во ова време со донесувањето на овој закон создаваме основа за негирање на Македонската православна црква која опстоила, како што милуваат некои да кажат, односно се возобновила и во време на најсуровиот комунизам.

Јас нема да должам многу  само ќе ја искажам мојата загриженост околу одредени решенија.

Прво, сметам дека членовите 10, 12, 13, вклучително и членот 2, не гарантираат дека овие две поголеми верски заедници ќе бидат заштитени, или не даваат механизам за заштита од злоупотреба на слободата на вероисповест.

Понатаму, во законот, во понуденото решение на членот 8, не гледам дека изричито е забрането регистрирање на верска заедница која во своето делување, или со своето делување ќе се обиде насилно да го руши уставниот поредок на Република Македонија, а ова е основна и прва одредба во сите закони за религиозните групи кои ги имаат земјите и сметам тука треба да имаме изричита одредба, а тоа го нема.

Она што мене особено ме прави загрижена е што после регистрирањето на верската заедница и религиозната група, ниту еден овластен субјект, вклучително и Јавниот обвинител на Република Македонија, нема право да поднесе правен лек против решението за регистрацијата на религиозната или верската група и сметам дека практично може да ни се случи, еве симулирам, да се регистрира, од страна на судот, одредена верска заедница и религиозна група што во моментот на регистрирањето ги исполнува сите услови предвидени со членовите 11, 12, 13, мислам беше и 10, но подоцна во своето

делување или нејзиното делување да биде насочено кон уривање на уставниот поредок на Република Македонија, а тука во Законот немаме понудени одредби за престанок на делување или бришење од Регистарот на религиозната група, по барање на овластен субјект, а тоа е Јавниот обвинител, доколку се случи вакво нешто. Единствено во членот 17 е дадена можност да се избрише регистрираната црква, верска заедница или религиозна група, само доколку одлука за престанок донела самата црква или религиозна група. Значи правото на бришење е исклучиво или ексклузивно право само на црквата, верската заедница и религиозната група.

Исто така, сметам дека, кажав, да не елаборирам зошто сметам дека нема доволно механизам за заштита од злоупотреба на слободата на вероисповест и нема да се повторувам околу тоа. Сметам дека покрај Јавниот обвинител кој треба да биде овластен подносител на правен лек против решението, во случаи утврдени со закон и со Уставот, треба да се даде можност и на трето лице, заинтересирано лице кое смета дека со регистрацијата на одредената верска заедница, црква или религиозна група, се задира во нивните права, затоа што правото е секогаш лимитирано со правото на другиот. Моето право е секогаш лимитирано до границата додека не наштетува со остварување на моето право, на правото на трет. Затоа мислам дека тука немаме механизам и на крајот нема обврска во овој закон, регистрациониот суд да го објавува во јавно гласило, “Службен весник” или не знам каде, да ги објавува регистрираните цркви, верски заедници или други религиозни групи, како и нивното бришење што, повторно нагласувам дека е оставено само како нивно дискреционо право, што е страшна работа. Тоа значи дека во Република Македонија ќе немаме информации или јавноста нема да биде запознаена со тога кога, како и колку цркви и религиозни групи и верски заедници се формирани и кулку се бришани. Впрочем, јавноста нема да биде запознаена со промените во оваа свера.

Има уште доста загрижености да изразам, но воглавно тоа се моите главни забелешки.

Ќе го поддржам, ова е мој личен став, овој закон, затоа што јас сум верник.

На крајот го завршувам мојот говор со сериозна загриженост за состојбите кои можат да се појават при практичната примена на овој закон и штетните последици кои можат да произлезат.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

За реплика се јавени господинот Фадил Сулејмани и госпоѓа Силвана Бонева.

Три минути реплика за господин Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Ние денес живееме во плуралистички систем и треба да имаме предвид дека нашите граѓани имаат право, како и во политиката да создаваат разни политички сили, така може да се раѓаат и разни групи на граѓани.

Ниту повеќегодишниот комунизам не можел да го забрани ова право на нивното православно, или пак исламско верување на нашите граѓани, а камо ли денес во овој систем на плурализам. Историски вака се раѓале и верите и разните верувања кои денес се многу раширени со голем број на верници, како што е исламот, православието, потоа во Индија будизмот итн. Во Македонија не треба да не загрижуваат случаите кога може да имаме и групи на граѓани кои ќе се јават со своите нови верувања. Јас верувам дека тие ќе се подложат на една политичка, државна контрола и доколку се штетни, не треба да се дозволи, или треба да застанат и да не и наштетуваат на другата вера. Меѓутоа, и нив треба да ги разбереме како еден вид на натпревар за тоа кој се исповеда во интерес на нашите граѓани.

Што се однесува до статистиката, во Македонија дали се 70% православно и 30% од исламска верска припадност, колку што јас знам до сега не сме имале некој попис на нашите граѓани за тоа дали има повеќе муслимани или православни во Република Македонија. Меѓутоа колк што се знае нашата реалност, ми се чини, ако не се исти, можеби има и повеќе припадници на исламската верска заедница.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

За реплика три минути е јавена, госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се надоврзам на кажувањето на почитуваниот колега Фадил Сулејмани. Во тој контекст беше и мојата реплика односно можеби повеќе како размислување на сите нас пратеници во овој Парламент, за овој закон кој ги тангира сите верски заедници во Република Македонија и сите припадници на верските заедници.

Кога зборуваме за стравувањата во однос на овој закон, секогаш треба да имаме во вид една работа.

За време на Римската империја, повеќе од 300 години, буквално со закон беше забранета христијанската религија, беа прогонувани христијаните на најбрутален начин, но сепак христијанството се ширеше.

Сметам дека верата не се брани со закон. Верата се брани со верба во Бога. Ние имаме верници кои се зрели граѓани, имаме млади поколенија кои ќе се едуцираат, има веронаука. Значи ќе знаат да го препознаат сопствениот интерес. Меѓутоа, пак ќе кажам, наша обврска како Парламент е почитување на човековите слободи и права и тоа треба да го обезбедиме со овој закон, меѓутоа не на штета на сите други верници кои во моментот се припадници на некоја верска заедница или црква во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Точно е дека верата не се брани со закон, но мора да имаме закон за верски заедници и религиозни групи. Ние како држава се мора да предвидиме, што може да се случи и секое решение кое го предлагаме, при неговата имплементација мораме да знаеме какви последици ќе предизвика.

Јас кажав, верник сум, ќе го поддржам законот, но имам загриженост околу одредени решенија, ги искажав и тие се мои загрижености, што не значи дека сите треба да ги споделат со мене. Мое е правото да ги искажам овде загрижеността. А процентите, она што го употребив во мојот говор, на која религиозна група припаѓаат, јас никогаш не користам од ум, туку тоа сум го земала од последниот попис. Сега дали е точен или не, тоа е работа на институциите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека расправата по една тема во однос на верските заедници е во врска со уредувањето на нивното функционирање секогаш е една значајна расправа за демократските процеси и не е една расправа во која би требало да се побара образложение ако некој е верник, или не, до колку некој е поголем, а некој помал верник, но е практично прашање на уредувањето на демократските односи и демократското функционирање на една држава. Јас сакам да дискутираме во прв ред, поаѓајки од фактот токму дека во образложениeто е дадено. Во овој закон меѓу другото се нагласува дека овој закон се предвидува и во Националната програма во однос на нашето барање за членување во НАТО и ЕУ. Јас мислам дека за да се уредат овие прашања нема потреба сето ова да биде услов за наше членство во НАТО и ЕУ. Но овие прашања треба да се уредат само за нас, затоа што се една приказна и одсликување на тоа колку има демократски капацитети плурални на изградбата на заемната доверба помеѓу граѓаните во една држава.

Јас сакам да дадам неколку аргументи, зошто ние како пратеници албанци за идеата за уредување, или либерализацијата со закон за прашањето на регистрацијата на верските заедници, аргументите за еден полиберален закон, на регистрацијата на верските заедници не се само во нашите обврски кон НАТО и ЕУ, туку почитувани колеги тие се и во нашата традиција. Во албанската традиција со векови е изградена една традиција на интраверски, внатре верски плурализам каде начинот и помалите заедници во рамките на само една религија ги соживуваа и соработувале една со друга. Уште повеќе нашата албанска традиција е големо сведоштво на плурализмот и внатре верската толеранција. И најголемото сведоштво е седницата пред оваа, одржана денес кога расправавме за нашиот сограѓанин претставник кој не направи почувствувани во светот, случајот на Мајка Тереза. Идеите на изградбата на верскиот плурализам и верската толеранција се идеи кои важат да се разгнетат и да се изградат со еден либерален пристап. Затоа пред Европската унија и НАТО д ани ги дадат овие работи за услов, мислам дека ние можевме уште порано со наши иницијативи да го поставиме за расправа ова прашање во однос на либерализацијата на регистрацијата на верските заедници.

Мое мислење е дека степенот на либерализацијата, на регистрацијата на верските заедници може и подалеку од ова што е предвидено со овој закон. Ова го велам од причина што во рамките на една земја која е хетерогена по религиозниот состав и етничкиот состав, имаме верските заедници поголеми и помали. Мислам дека за позитивните закони кои ќе им даваат можности и на етничките и верските заедници како биле, поголеми, или помали, апсолутно треба да имаат позитивен пристап. Затоа мислам дека овој закон можеше да оди и чекор подалеку во однос на целосната либерализација на прашањето на регистрацијата на верските заедници.

Има и нешто друго што му недостасува на овој закон кој е Предлог закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група. Мислам дека недостасува механизам меѓу верски механизам, освен постојните во овој закон кој ќе промовира вистински дијалог и есенцијален меѓуверски дијалог и тоа не само меѓу поголемите верски заедници, туку и помеѓу помалите верски заедници. Ова го велам од причина што историјата секогаш, вековната историја докажала дека има случаи кога влијанието, или уредувањето со закон на верските прашања беше негативно, или позитивно. Би било комплетно позитивно до колку овој закон апсолутно ќе понудеше еден механизам кој уште повеќе ќе промовираше меѓу верски дијалог потребен посебно во една хетерогена држава по верскиот состав. И на крајот сакам да повлечам значаен столб кога говориме за овие прашања, тоа што се вика секуларизам, или концептот, секуларниот концепт на изградбата на државата. Секуларизмот фактички е еден од најголемите постигнувања на демократијата. Секуларизмот како концепт и филозофија на постапувањето и мислењето е таа која не ослободува од товарот на тоа за да дадеме сметки колку сме верници во однос на религијата. Секуларизмот како вредност е таа која дефинитивно религијата ја оградува и ја воспоставува во една лична приватна област на човекот, на неговото мислење, на изразување на вероисповеста без да има потреба да го објасните пред цел свет. Затоа и тоа е религија. Ова е концептот и логиката на религиите. Затоа,

според мое мислење во амандманите, има неколку амандмани кои до некаде го изразува секуларниот карактер на нашиот систем. И мислам дека фактички до колку сакаме навистина да бидеме на линијата на мир, позитивното европско мислење, треба да бидеме кон секуларните начела, начелото на секуларни кои дефинитивно ги дели верските заедници, од државата да изградиме еден логичен однос помеѓу верските институции и државните институции. Затоа сметам дека е добра што сме во оваа фаза да расправаме за еден ваков закон. И секако дека потребата на овој закон треба да се подржи, може да биде и подобар од ова што е понуден, или јас мислам да биде полиберален од ова што е кажано и дадено. И истовремено треба да помогне во процесот на меѓуверскиот дијалог, а не во спротивното. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласањето.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата имаме доволн број на пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам уште еднаш да го утврдите точниот број на присутни пратеници во салата. Бидејки само 54 пратеници гласале за законот.

Ве повикувам да гласаме.

Почитувани колеги, јас би ве замолил уште еднаш да гласаме, бидејки многу пратеници влегоа. Претпоставувам дека во тој момент имаше над 61 пратеник во салата. Во тој случај резултатот е валиден.

Вкупно гласале 54 пратеника, сите 54 пратеника гласале за,нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, сите 64 пратеници гласале за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2 став 2 и на член 3 и тиес е составен дел на текстот на Предлогот на законот. Пратениците Александар Спасеновски, Оливер Шамбевски, Панче Дамески, Оливер Деркоски, Александар Николовски, Зоран Петрески, Илија Димовски, Агим Рамадани, Ружди Матоши, Бесим Догани, Стојче Крстевски и Дарко Димитриевски поднесоа амандмани за додавање нов член 7-а по членот 7 и за додавање нов член 33-а по членот 33, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Спасеновски поднесе амандман на член 2 став 2, член 7 став 1 и на член 10 за додавање нов став 4 по ставот 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Александар Спасеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Михајло Маневски.

**Мијахло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворм пререс по амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Александар Спасеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Михајло Маневски.

**Мијахло Маневски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор предлагачот пратеник Александар Спасеновски.

**Александар Спасеновски:** Во името на конструктивноста која што беше запазена во текот на целата расправа, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесенод пратениците Александар Спасеновски, Оливер Шамбевски, Панче Дамески, Оливер Деркоски, Александар Николовски, Зоран Петрески, Илија Димовски, Агим Рамадани, Ружди Матоши, Бесим Догани, Стојче Крстевски и Дарко Димитриевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Михајло Маневски.

**Мијахло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, со оглед на тоа дека прашањата на кои се однесува оваа одредба се уредени во други закони. И не би требало да бидат содржина и на овој закон.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Александар Спасеновски.

**Александар Спасеновски:** Од истите причини во името на предлагачите на амандманот, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесенод пратеникот Александар Спасеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Михајло Маневски.

**Мијахло Маневски:** Амандманот не се прифаќа сакам да ве известам дека оваа иста одредба беше содржана во еден претходен текст на законот кој што беше на мислење и во Венецијанската комисија и во ОДИХР, ОБСЕ и ни кажаа буквално дека таква одредба не треба да содржи законот и треба да се брише.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Александар Спасеновски.

**Александар Спасеновски:** Амандманот се повлекува.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворма претрес по амандманот за додавање нов член 33-а по членот 33, поднесен од пратениците Александар Спасеновски, Оливер Шамбевски, Панче Дамески, Оливер Деркоски, Александар Николовски, Зоран Петрески, Илија Димовски, Агим Рамадани, Ружди Матоши, Бесим Догани, Стојче Крстевски и Дарко Димитриевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Михајло Маневски.

**Мијахло Маневски:** Овој амандман не се прифаќа со оглед на тоа дека и овој е декалративен и практично мислам дека треба да создава големи обврски, а тоа не е прашање на овој закон и на овој начин да бидат уредени овие прашања.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Александар Спасеновски.

**Александар Спасеновски:** Со овој амандман се предвидуваше Владата во иднина да создаде предуслови на еден или на друг начин согласно карактерот на Уставот на Република Македонија да обезбеди определни средства, особено во делот на здравственото осигурување. Но, од истите причини го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Опродолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 64, нема воздржано, 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за безбедност во снабдувањето со крв, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија, ви е доставен, односно поделен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Прелдогот за донесување на закон за безбедност во снабдувањето со крв.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 61, нема воздржано,1 гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, поднесе амандмани на член 6 став 4 во воведната реченица и на алинеја 4. Член 10 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 39 став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Гештаковски поднесе амандмани на член 9 став 2 и на член 10 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 4 во воведната реченица и на алинеја 4 поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за здравство Имер Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворампретрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратеникот Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство Имер Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Зошто го поднесов овој амандман? Од повеќе практични причини и да се потврди само добрата пракса која функционирала 60 години во Република Македонија. Ако сме шампиони нешто успешно и многу добро што функционирало 60 години да експериментираме сега и да направиме некои проблеми во тоа функционирање, тогаш така да направиме. Во што е проблемот? Годишниот план од став 1 на овој член го донесува минситерот за здравство на предлог на установата за трансфузиона медицина и Црвениот крст на Република Македонија. Значи, тоа го предлагам и Црвениот крст кој учествува во договарањето однсоно во подготвувањето на тие крводарителни акции. Зошто го предлагам ова? Бидејќи Црвениот крст на Република Македонија веќе 45 години е организатор на крводарителни акции во Републиката. А и со овој Предлог закон се предвидува да биде повторно единствен организатор Таа негова активност произлегува и од Меморандумот за соработка склучен помеѓу Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвената полумесечина и Светската здравствена организација.

Во досегашните активности на ова поле Црвениот крст се стекна со големо реноме, бидејќи акциите ги спроведува организирано, безбедно, во духот на современата медицина, а за своите крводарители води целосна компјутерска евиденција, ги следи движењата во оваа проблематика, едуцира мотиватори и врши масовна едукација на населението. Црвениот крст и досега учествуваше во донесувањето на програмата на Владата на Република Македонија за организација и унапредување на крводарителството. Во оваа прогрма имавме посебни и заеднички задачи,а една од задачите на Црвениот крст е и планирањето и реализирањето на програмите. Сметам дека со предложените измени, ако се усвоие овој амандман, а гледам дека нема расположение кај парламентарното мнозинство, ќе се задржи одговорноста во состојбите со крводарителството. Повторувам, со овој амандман не се бара ништо, не се одзема никаква ингеренција на Министерството за здравство или на Заводот за трансфузиологија, туку да продолжи исто и понатаму како што беше последниве 45 години, да соработуваат Црвениот крст на Република Македонија и Заводот за трансфузиологија и на предлог на тие две институции министерот за здравство да ги спроведува, односно реализира тие крводарителни акции. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Министерот за здравство бара реплика.

**Имер Селмани:** Повеќе е објаснување.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај има збор министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Има посебна позиција во делот на спроведување на акциите за собирање на крв и тоа во законот е многу прецизно решено. Од друга страна, Црвениот крст на Република Македонија нема увид во потребите на резервите на крв и крвните компоненти во установата согласно со овој закон за транфузиона медицина. Во таа насока, само установата за крв е таа што врши увид и анализа на потрошените единици на крв и крвни компоненти и врз основа на извршената анализа и аналитичките подтоци со кои располага го изготвува годишниот план. Во таа насока, превисоко го цениме и досегашното искуство и соработката со Црвениот крст и таа соработка останува и се воздигнува и на повисоко ниво.

Меѓутоа, во делот на организирање на кампањите и собирањето на крвта, во текот на изготвувањето на овој закон сме имале консултации со Црвениот крст и мислам дека во суштина за сите детали е усогласен текстот со постојните потреби и се разбира за она што сакаме да го постигнеме со овој закон.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика за претник господин Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Господине министре, само барав да продолжи досегашната пракса, бидејќи навистина одлично функционираат акциите за крводарителство во Република Македонија. Ние сме еден од ретките примери на волонтерска, доброволна основа што се земаат успешни, организирани акции од Црвениот крст, во соработка со Заводот за трансфузиологија, сега наречена установа за трансфузиона медицина и согласност на Министерството. Зошто на Црвениот крст кој повторувам, 60 години успешно и беспрекорно работи на волонтерска доброволна основа зошто сега да му се ускрати да дава согласност, односно да учествува во согласноста, определувањето на согласноста за организирање на крводарителски акции. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 60 пратеници, од кои 8 гласале за, 2 воздржани, 50 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратеникот Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Господине потпретседателе, гледам дека залудно е се, се нема разбирање.

Во суштина не се бара ништо. Црвениот крст на Република Македонија е долгогодишен, 45 години е организатор на овие акции, предлагач на годишниот план и нивниот член членува во стручниот совет на министерот за здравство. Црвениот крст и досега беше во партнерски однос со Републичкиот завод за трансфузиологија или сега наречен установа за трансфузиона медицина, па сметам дека партнерите нема логика, не би требало да си даваат овластување еден на друг. Партнерите едноставно партнерски соработуваат, го даваат предлогот и министерот го потпишува. Само тоа се бара, ништо друго не се бара со овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Во интерес на објаснување, да не падне некоја магла дека се прави нешто против интересите на Црвениот крст или во насока на лоша соработка, дозволете ми да го прочитам членот 10:

“Организација на акција за дарување на крв, акција за дарување на крв организира Црвениот крст на Република Македонија по претходна согласност од установата за трансфузиона медицина согласно годишните програми”.

Што е спорно тука? Буквално нема ништо спорно, има годишен план, Црвениот крст организира акција за дарување на крв но по претходна согласност заради усогласување на потребите годишни со акциите што Црвениот крст треба да ги организира, да не бидеме во ситуација да има акции кои нема да бидат во согласност со годишниот план. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник господин Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Господине министре, тоа истото и јас го барам, само не се разбираме во зборовите. Ако добро го прочитате амандманот во членот 10 став 1 што барам јас, зборовите “по претходна согласност од” да се заменат со зборовите “во соработка со “, како што беше до сега. Секоја крводарителна акција и до сега 45 години беше во согласност со годишниот план на Заводот за трансфузиологија и повторно ќе остане така. Пречат зборовит претходна согласност, значи може да се даде согласност, ама и не мора да се даде согласност, а меѓу двајца партнери не би требало да има согласност туку соработка, и на крајот министерот да ја даде согласноста, само тоа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

(Повеќе пратеници влегуваат во салата)

Почитувани колеги, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои 6 гласале за, 1 воздржано, 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете ми на почетокот да ја искажам својата зачуденост што за еден ваков закон каков што е законот за безбедност во снабдувањето со крв, министерот за здравство не сметаше дека е потребно да се обрати пред нас пратениците, како што и вие потпретседателе брзавте, незнам поради кои причини, да ја затворите расправата по Предлогот за донесување на законот, веројатно имате нешто и да сокриете, иако ние како пратеничка група гласавме за Предлогот за донесување закон за безбедност во снабдувањето со крв заради тоа што сметаме дека има потреба да се донесе ваков закон. Меѓутоа, морам да кажам дека самиот текст на законот за да биде донесен и во втора фаза навистина треба да се преработи и веројатно тоа е тоа од што бегаше министреот за здравство, па не сакаше да се соочи овде со давање аргументи и со убедувања зошто законот во ваква форма во каква што е предложен и вака сериозен закон се предлага во скратена постапка со цел да биде донесен, иако има навистина многу други прашања, но потоа кога ќе зборувам по текстот на законот ќе ги изнесам и тие прашања кои се овде лошо регулирани во законот и кои сметам дека навистина можеа да бидат подобри, а ќе кажам и зошто можеа да бидат подобри.

Со овој амандман предлагам, во акциите за дарување на крв, покрај Црвениот крст на Македонија како организатор по претходна согласност од установата за трасфузиона медицина, акции за дарување на крв да може да организира и здружението на крводарителите.

Не знам дали министерот има само политички причини поврзани со ДПА кога предлага улога само на Црвениот крст во организирање на крводарителските акции, но мислам дека прашањето на хуманост е многу поважно и позначајно од партиските и политичките интереси.

Впрочем, овој закон најмалку има политички аспекти, многу повеќе се хумани, социјални, социолошки, секако и медицински, но за жал, доминираат веројатно и политичките причини.

Сметам дека навистина во овој текст на законот намерно или ненамерно најзначајните фактори во постапката за дарување на крв луѓето со благородно срце, кои водени од принципот на хуманост се дарители еднаш или повеќе пати на крв со цел да спасат туѓи животи, овде се сметаат во овој закон се сведуваат само на објекти кои треба да обезбедат дарување на крв, но не и како субјекти кои треба да имаат улога во организирањето на крводарителските акции, улога во советите и советодавните тела, за што подоцна ќе зборувам што сметам дека навистина најблаго кажано не е фер спрема оваа огромна бројка на луѓе, нема да ја споменувам, тоа многу добро е евидентирано во институциите надлежни за тоа и затоа се зачудувам зошто на министерот за здравство му пречи здружението на крводарители. Зошто на овие хумани луѓе кои до сега имале значајна улога во крводарителските акции не им се овозможи и понатаму да имаат активна улога и да може да организираат крводарителни акции. Впрочем, тие како хумани личности најмногу се покажале дека имаат мотив и знање на кој начин да се вклучат во акциите за дарување на крв.

Навистина сметам дека овој амандман што го предложив кој дава значајна улога на здружението на крводарители не е прифатен од претставникот на Владата, навистина едноставно се чудам зошто од оние кои што барале да даруваат крв и кои што самоволно, бидејќи чинот на дарување на крв е доброволен, не им се овозможи да имаат поактивна улога во целиот овој процес и нивната хуманост да биде доминантна и да овозможи зголемување на тој број на хумани личности, а со тоа ќе се овозможат погоеми можности за спасување на животите на сите на кои што им е потребна крвта. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа поради неколку причини.

Една од главните причини е што ние во членот 10 оваа материја околу организирање акции за дарување крв се определува Црвениот крст каде што во рамките на Црвениот крст учествува и здружението на крводарители. Потенцијални крводарители сме сите ние граѓаните на Република Македонија и во таа насока мислам дека сите ние имаме помала или поголема можност да учествуваме во оваа хумана акција.

Од друга страна, втората причина зошто не се прифаќа овој амандман е и препораката на Светската здравствена организација, сите земји членики на Светската здравствена организација каде јасно се препорачува дека единствен организатор на акции за собирање на крв треба да биде Црвениот крст или Црвената полумесечина во земјите членки во Севтската здравствена организација.

Во таа насока, дури констатацијата или образложението на почитуваната пратеничка е контрадикторно со претходното на почитуваниот пратеник, а би било одвишно да коментира дека се штитат интересите на ДПА, ако се мисли на Црвениот крст, воопшто нема никакви контакти или може да имаат со некоја политичка партија и мислам дека се злоупотребува позицијата на некој начин да се обвини ДПА дека има било какво влијание или планира да има влијание. Во таа насока е одвишен секаков коментар и мислам дека треба да се повлече од ова обвинение самата пратеничка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван министер, во Парламентот зачести праксата да се зборува за обвиненија, но тие термини ги користат почесто пратениците од мнозинството, јас не го употребив тој збор и ве молам, можете да ги видите стенограмите, да се уверите кои зборови ги употребив, значи не станув збор за обвиненија, но да нагласам дека пратениците имаат право овде од говорницата да ги искажуваат своите ставови.

Уште еднаш ја искажувам својата загриженост што овој закон наспроти вашите укажувања не е усогласен ни со ставови на Светската здравствена организација, туку со многу позначајни ставови, а тоа се директивите на Европската унија, но ќе зборувам за тоа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме би ги замолил пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 6, 4 се воздржале од гласање, 51 гласал против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 3, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници.

Навистина, еве уште еднаш ќе повторам, се соочуваме со факт за многу значајни законски текстови што доаѓаат во Парламентот да не се побуди интерес кај пратениците, а за многу прашања кои би требало да имаат поинаков третман се одзема многу време.

Ја кажав својата зачуденост пред претставникот на Владата, не сметаше за потребно да не убеди во аргументираноста на овој текст за да издејствува наш став за законот за безбедност во снабдувањето со крв.

Се работи за закон кој има повеќе аспекти меѓу кои хуманите, медицинските, социјалните и социолошките.

Има многу прашања кои се поврзани со интересите на граѓаните на Република Македонија, меѓутоа, и со сите луѓе, бидејќи обврската за спасување на животите не се однесува само на граѓаните на Република Македонија и кон граѓаните, туку и на сите лица кои ќе имаат потреба од трансфузија на крв.

Токму затоа и на ниво на Европската унија постојат многу специфични стандарди кои треба да осигураат крвта и крвните компоненти да имаат соодветен квалитет и сигурност низ секоја алка од синџирот кој го сочинува патот на крвта за трансфузија од дарителот до пациентот. Овој квалитет и сигурност на крвта треба да биде еднаков во секоја земја членка имајќи ги во предвид правото на слободата на движење на граѓаните во Европската унија низ целата нејзина територија што се гарантира, меѓу другото, со одредбите на Директивата 202 од 1998 година.Согледувајќи ја важноста на овие одредби не само за граѓаните на Европската унија, туку пред се за граѓаните на Република Македонија.

Изготвувањето на овој текст на законот започна во претходниот состав на Владата од страна на стручни работни групи кој беше како Нацрт верзија, како работен текст предаден во Министерството за здравство некаде во мај 2006 година.

Сакам да укажам дека навистина е неспорна потребата од донесување на овој закон, бидејќи до сега немаме ваков закон како единствен текст, туку со други закони и правилници беше регулирана оваа материја.

Изготвувањето на законот беше извршено врз основа на соработка, врз основа на договор за соработка потпишан помеѓу Република Франција и Република Македонија, од што произлезе соодветен тригодишен проект, а еден од условите за правењето на овој проект беше донесувањето на овој закон.

Ја користам оваа можност, бидејќи во тој период интензивно се работеше на текстот на овој закон да се заблагодарам на сите учесници, претставници и од Франција и од Република Македонија кои учествуваа во изготвувањето на овој закон на експертско ниво. Секако многу и на домашните експерти кои дадоа голем придонес во неговото изготвување.

Но за жал, мора да констатирам една појава која навистина станува редовна практика на оваа Влада и на владеачкото мнозинство, бидејќи иако законот беше изготвен, во согласност со претходно споменатата директива на Европската унија и во непосредна комуникација и консултација со земја членка на Европската унија, тоа е Франција која има богато и зависно искуство во оваа област, се случи нешто што најмалку требаше да се случи.

Не сакам да спомнувам дека текстот на законот повеќе од година дена беше во Министерството за здравство, а до сега не беше пуштен ни во прва фаза иако имаше можност тој текст на закон да биде пуштен најпрвин во прва фаза да може во Парламентот да се дискутира за текстот, а подоцна врз основа на забелешките кои ќе се искажат да се достави во втора фаза. На Владата, како и за многу други прашања тоа едноставно не и е потребно, туку секогаш во последен момент кога нешто ќе и загусти ги доставува законите во скратена постапка иако претходно имала цела година за размислување по ова прашање. Меѓутоа, наместо барем најмалку да се пушти тој текст на закон кој беше усогласен со директивите на Европската унија или може да зборуваме за подобрување, бидејќи ни еден текст не е идеален, ние имаме пред нас еден текст на закон кој е осакатен од оној претходно изготвен во соработка со француските експерти.

Значи, во последен момент се случуваат измени во овој пат на движење на законот од Министерството за здравство преку Владата и Парламентот.

Овие измени се навистина значајни и со нив може и не само да се претпостави, туку се случува изменување на физиономијата и смислата на закони заради што морам јавно да го изнесам својот став и да побарам објаснување од министерот за здравство преку кој Владата се јавува како предлагач на текстот на законот. Затоа ќе зборувам и за генерални забелешки, меѓутоа, и за поединечни забелешки по текстот на законот поврзани со конкретни членови.

Во кореспоодентните табели кои се доставени во прилог на текстот на законот кои треба да ја потврдат усогласеноста на овој закон со директивите и законодавството на Европската унија, најчесто е претставено дека со овој закон ќе се изврши потполно усогласување со европското

законодавство. Но, во изјавата за усогласеност секаде стои делумна усогласеност.

Во постапката за усогласување се користени само три директиви на Европската унија 98/2002 која се однесува на стандардите за работа 33/2004 која се однесува на технички барања и 61/2005 која се однесува на последователност во работењето. Но, постојат и други директиви од Европската унија кои се во сила и кои ја регулираат оваа област во здравството односно мора да го усогласиме овој закон со тие директиви, но не можам да си објаснам зошто тоа не е сторено со овој закон. Се работи за директива 94/2003 година во однос на добрата производна пракса, значи се однесува на добрата производна пракса оваа директива и директивата 62/2005 година која се однесува на системот за обезбедување на квалитет.

Внимавајте, системот за обезбедување на квалитет, а да ве потсетам самиот наслов на законот е безбедност во снабдување со крв. Тоа значи дека доминира прашањето со квалитетот.

Во овие директиви кои воопшто не се земени во предвид при пишувањето на овој текст на закон што е пред нас е клучот зошто усогласувањето на предложениот закон со европската регулатива нема да биде комплетно завршено. Заради тоа може веднаш да кажеме дека Владата предлага еден непотполн закон, еден неусогласен закон со законодавството на Европската унија иако под тој изговор сака да го пушти овде во Парламентот во скратена постапка на кој му недостасува она што е клучно во регулативата од оваа област предвидена во Европската унија.

Поради значењето на директивата која се однесува на квалитетот во снабдувањето со крв, како пример ќе ја посочам Словенија која како земја членка на Европската унија мораше во 2006 година да донесе нов закон за снабдување со крв токму заради потребата од целосна имплементација на системот за обезбедување на квалитет кој се смета за клучен за сигурноста на крвта.

Прашањето за обезбедување на квалитетот е најважното прашање и очекувањето на нас пратениците, но и на граѓаните е овој закон да гарантира безбедност во снабдувањето со крв, но, за жал, поради неусогласеноста со оваа директива на Европската унија ќе констатираме дека постои опасност безбедноста во снабдувањето во Република Македонија да биде намалена.

Ќе продолжам со поединечни забелешки за Предлог-законот.

Почнувајќи од организационата поставеност предвидена во членот 5 каде е наведено дека Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија во натамошниот текст каде се наведува дека се поистоветува со установа за трансфузиона медицина се редефинира и се вели дека установата ја сочинува институт, три центри и служба за трансфузиона медицина. Се поставува прашањето каде е навистина грешката. Кога се споменуваат тие центри зошто во кореспондентната табела се наведува дека има два центри, а во Предлог-законот три кои се тие три центри, кој си додал уште еден центар плус и зошто. Врз кои критериуми и кој ќе ги дефинира, овластува, кредитира, лиценцира единките на установата за крв?

Ништо од оваа многу значајна проблематика не се споменува во Предлогот на законот и токму во овој дел нема усогласеност со директивите на Европската унија и со практиката во земјите членки на Европскат аунија. Значи, најмалку прашањето односно одлуката за формирање на центри ќе биде стручна, а многу повеќе ќе биде политичка. Но, ќе оставиме времето ќе го потврди она што јас сега го зборувам.

Се поставува прашањето како се дефинирани односите меѓу единките во установата, институтот и центрите. Дали установата ќе биде едно правно лице или секоја единка е посебно правно лице односно посебна јавна здравствена установа. Ако се посебни дали има хиерархиска подреденост меѓу нив и каква е таа хиерархиска подреденост.

Навистина ова е многу значајно прашање, а во ниту еден член, во ниту една одредба не сретнавме ниту образложување на хиерархиската поставеност, ниту дефиниција за тоа кој ќе има својство на правно лице, каква ќе биде таа хиерархиска поставеност, што сметам дека во пракса навистина ќе доведе до сериозни проблеми во функционирањето.

Ова беше најчесто поставувано и дискутирано прашање претходно, во претходниот состав со француските експерти, а една од целите на донесување на законот е детално унифицирање на работењето во трансфузионата медицина на целата територија на Република Македонија. Токму заради унифицирањето во работењето и во Франција која повеќе од 20 пати е поголема од нас има само една установа како едно правно лице која го води целиот систем на снабдување со крв и која одговара за својата работа.

Нема да ве потсетувам за проблеми кои во минатото и децении наназад ги имале земји членки на Европската унија токму околу квалитетот и безбедноста во снабдувањето со крв и токму како резултат на тие проблеми дошле до овие решенија, до овие директиви дека треба да се пропише постоење на една установа која ќе биде надлежна за трансфузија на крв во својство на правно лице која ќе ги контролир сите други центри или во зависност од начинот на организација, меѓутоа, хиерархиски.

Со ваквото решение што се предлага во законот ја пропуштаме таа можност да се доближиме до Европската унија и не дај Боже да ни се јават проблеми во снабдувањето со крв, па дури потоа да интервенираме, како што направиле и тие

земји, но, за жал, тоа ќе биде полошиот пат да дојдеме до решенијата кои се посакувани.

Што се подразбира под служба за трансфузиона медицина и колку се тие на број. Множината на зборот “служби” дефинирана во членот 5 доведува до нејаснотии, до забуна. Дали се работи за една служба составена од повеќе организациони единици, а се поставува и прашањето тогаш што е разликата со установата за трансфузиона медицина или за повеќе различни служби според нивната дејност, трансфузиологија, епидемиологија и тн.

Мислам дека одговорот на ова прашање не му е јасен ни на предлагачот, но можеби грешам, па затоа би требало да ми одговори.

Бидејќи и овие т.н. служби ги нема во дефинираните поими во член 4. Видете го законот, свртете почитуван министер ќе видите дека овој термин не ви е дефиниран напред. Не се знае што е тоа служби, а понатаму во текстот ги користите.

Користите стар несоодветен термин “служби”, кој се користеше досега за одделенијата за трансфузиологија во болниците, внимавајте што е сосема нешто друго од установа за трансфузиона медицина. Но, терминот воопшто не е соодветен за неговото значење. Секаде во светот единствена служба за трансфузиона медицина во државата се нарекува блок трансфузен сервис, таа е единствена и ја сочинуваат сосема две различни групи на две единки.

Едната установа е за трансфузиона медицина, а другата група се хоспитал блок дејби, болнички единици за трансфузиона медицина кои како такви се споменати во дефиницијата на поимите број 4, но покасно незграпно ги преименувале како служби. Заборавено е да се појаснат поимите и понатаму следи збрката. Значи, нема повеќе служби за една иста дејност трансфузиона медицина.

Имено, во членот 4 каде се дефинирани поимите под поимот установа за трансфузиона медицина се вели дека не ги вклучува единиците за трансфузиона медицина по болничките здравствени установи. Но, овие болнички единици во натамошниот текст на законот повеќе никаде не се споменуваат. Тоа не значи дека се регулирани со друг закон туку едноставно се заборавени. Значи, тука навистина станува збор за коализија на нормите.

Од друга страна во поимите од членот 4 не се споменати никакви служби кои понатаму се појавуваат во членот 6. Најверојатно предлагачот не го ставил поимот служби. Се работи за едно исто кое во базичната директива 98 од 2002 година е многу јасно дефинирано како во поимите, така и во текстот и се нарекува хоспитал блок дент - болнички крвни банки.

Навистина се поставува прашањето зошто не го користиме медицинскиот термин и зошто комплицираме со имињата со што се внесува само дополнителна забуна и се прават грешки. Овие т.н. служби поточно единици за трансфузиона медицина во болниците се лоцирани исклучиво во болниците како нивен составен дел, но тоа не се споменува никаде во законот. Основната цел на законот беше јасно да се раздвои службата за трансфузиона медицина во Македонија на два дела. Еден кој ќе се нарече установа за трансфузиона медицина и ќе работи на прибирање, контрола, обработка и дистрибуција на крв, Национален институт и регионални центри за трансфузиона медицина и

Втор дел единици за трансфузиона медицина сместени во болниците, значи болнички крвни банки кои само ја употребуваат готовата крв која ја добиваат од установата и се грижат пред се за клиничката трансфузиона медицина односно за правилна и рационална употреба на крв.

Бидејќи доаѓа последователно членот 6 сакам да ја искажам благодарноста на министерот што го прифати мојот амандман на членот 6, што во случај на неприфаќање ќе значеше дисквалификација на докторите од Институтот односно сегашниот Републички завод за трансфузиологија од учество во научни активности и предавања на предмети кои што се сродни со трансфузиологијата, бидејќи во текстот што го имате беше предвидена нивна заангажираност исклучиво по предметот трансфузиологија, меѓутоа еве сега со прифаќањето на овој амандман се овозможува да учествуваат и во работата по други предмети на Медицинскиот факултет, како што се хуманологија, хуманогенетика, што сметам дека е добро.

Потоа продолжувам со членот 7 и во членот 7 се поставува прашањето што се подразбира под поимот “стручно одговорно лице”.

Дали под стручно одговорно лице се подразбира директорот на установата или не. Ова го поставувам само како прашање. Се споменуваат обврски да се обезбедат информации во постапките за акредитирање, лиценцирање по барање на Министерството за здравство.

Во понатамошниот текст на законот овие многу битни постапки не се доволно дефинирани, прецизирани односно не се предвидени. Тие се клучни за дефинирање на одговорен авторитет - компетен ауторики. Очигледно е дека пропуштено е би требало да се надополни. Мора со посебни членови да се дефинираат процесите на акредитација, лиценцирање и слично, што е предвидено во членот 5 од Директивата 98 од 2002 година, а од нив да се развијат подзаконски акти. Меѓутоа ова се само прашања кои што гледам дека сум принудена да ги поставам, а ќе видиме дали ќе добијам одговори. Најбитниот дел за структурата на установата за трансфузиона медицина е измешан, недоволно дефиниран, што автоматски ќе внесе забуна понатаму и во

подготвувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од овој законски текст.

Понатаму, следи членот 8 на кој исто така имам забелешки. Како потврда за конфузијата во организацијата на трансфузиона медицина во Македонија, членот 8 кој се однесува на болничка комисија за трансфузиона медицина што бара напред во текстот на законот ваков член на законот кој е во врска со клиничката употреба на крвта. Навистина се поставува прашањето што бара овој член напред со текст "болничка комисија за трансфузиона медицина", која има советодавна улога. Членовите од овој сегмент поврзани со болничката комисија за трансфузиона медицина, каде што припаѓа членот се назад од членот 22 до 38.

Во претходниот текст на законот кој беше изготвен во работна верзија овде стоеше дефиниција "опис и обврски на болничките единици за трансфузиона медицина" согласно Директивата 98 од 2002 година, кои сега еве мистериозно исчезнуваат од овој текст на законот. Затоа се стекнува впечатокот дека предлагачот не прави разлика помеѓу болничка комисија за трансфузиона медицина и болничка единица за трансфузиона медицина.

Навистина огромна е разлика.

Понатаму ќе продолжам со прашањето за крводарителите кое го започнав и во дискусијата по тексто по Предлогот на амандманите кои ги дадов и кои за жал министерот не ги прифати.

Се поставува прашањето каде се крводарителите во овој закон. Тие се клучниот фактор во крводарителството, но никаде не се споменуваат како субјект достоен за почит, туку само како објект кој служи како извор на крв. Дека третманот на дарителите на крв е недостоен за почит доказ е нивното неспоменување како клучен субјект во организирањето на крводарителски акции преку бројните друштва или здруженија на крводарители, како здруженија на граѓани на Република Македонија, а овие здруженија во досегашната пракса покажаа многу успешни резултати, се јавуваат како успешен фактор во организацијата на крводарителски акции кои Црвениот крст масовно ги користеше дури и во најуспешните крводарителски акции. Тие акции се должеа токму на активностите на здружението на крводарители.

Ќе го споменам членот 12 каде што се настојува да се дефинираат дарителите на крв. За разлика од досегашниот правилник каде што е предвидено дека дарители на крв се лица на возраст од 18 до 65 години, значи најмалата и најгорната граница старосна е предвидена со овој правилник, за да во овој закон имаме една друга дефиниција па во првиот став стои: "Забрането е земање на крв од малолетни лица без дозвола од родители или законски застапник односно старател освен во случаи утврдени со овој закон". Значи, немаме точна дефиниција врз основа на која може да се утврди старосната структура на лица кои ќе бидат крводарители со наведување на најмалата и најголемата старост, туку на еден поинаков начин преку толкување треба да претпоставиме дека крводарители се лица кои имаат навршено 18 години, што значи после тоа не е предвидена горната граница.

Меѓутоа, законот дозволува вели: забрането е земање крв од малолетни лица без дозвола од родител или законски застапник односно старател, освен во случаи утврдени со закон, што подразбира дека од малолетници не смее да се земе да се земе крв без дозвола од родители или законски застапник, значи дека и тие може да се јават како дарители на крв, крводарители ако нивните родители или законски застапник односно старател дадат дозвола освен во случаи утврдени со закон, каде што се вели дека може и без дозвола од родителите и старателите, меѓутоа такви случаи во законот воопшто понатаму не се предвидени.

Јас не знам дали на предлагачот му е јасна оваа одредба, или да ни појасни каде се тие други случаи утврдени со закон понатаму во текстот. Тоа навистина во пракса ќе предизвика проблеми. Значи, кога може без дозвола од родители, кои се тие случаи кога може да се земе крв од малолетни лица без дозвола од родители, законски застапник односно старател. Никаде на ова прашање нема одговор во законот.

Почитуван потпретседателе, можеби на колегите навистина на некои од нив ова значајно прашање за хуманоста, крводарителството и безбедноста на крвта не им е значајно, но вие сте должен согласно Деловник да обезбедите работа атмосфера во салата, ако може да се слушаме и да зборуваме.

**Иван Анастасовски:** Колеги ве молам, не гледам дека е нарушена работната атмосвера.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Граѓаните на Република Македонија, кои и како крводарители, но и како потенцијални примачи на крв ја следат оваа наша расправа.

Во однос на законот се поставува и прашањето поврзано со финансиските средства. Навистина би сакала да споменам дека најкритичен е делот потребни финансиски средства каде се вели дека не се потребни дополнителни финансиски средства и останува нејасно дали сите новини предвидени со овој закон предлагачот има намера да ги спроведе во пракса.

Сакам да ви биде јасно дека ова значи темелна реорганизација на трансфузиологијата во Република Македонија, за што е потребна локација на значителни финансиски средства или пак Владата смета дека е ова само нејзина декларативна определба, законот само треба да се донесе, а понатаму неговата примена е сосема друго прашање.

Впрочем и овие средства што се наменети за здравството предвидени од Владата на

Република Македонија не овозможуваат реорганизација на трансфузиологијата која се планира со овој закон. Затоа сметам дека реорганизацијата на трансфузиологијата е потполно заборавено прашање од страна на Владата на Република Македонија.

Ќе наведам само неколку примери кои не се однесуваат на стручната работа, но паѓаат во очи на секој кој ќе го чита законот. Тоа се само некои од новите обврски на установата за трансфузиона медицина за чување на документации и примероци на серум од тестирањето.

Во членот 18 е предвидено да се чува 15 односно 30 години, а јасно е дека за да се овозможи тоа потребно е доволно простор под соодветни услови за складирање, но и систематизирање на документацијата, а како би се остварило ова ако не се предвидени финансиски средства.

Потоа, во членот 23 предвидено е чување на примероци за тестирање до 5 години. Да појаснам, се мисли на примероци серум кои треба да се чуваат 5 години смрзнати на температура од -80 степени целзиусови, а нивниот број е околу 300 илјади. Се работи за примероци од серум од дарител кои мора да се чуваат до 5 години од земањето на крвта и нејзината контрола, 5 по 60 илјади примероци околу 300 илјади примероци смрзнати серуми на температура од -80 степени целзиусово, во секој момент, кои мора добро да се класифицирани со мониторирање на температурата, ажурирање на документацијата рачно и компјутерски со соодветен програм. Колку фрижидери се потребни за овие 300 илјади примероци. Да напоменам дека се работи за обични фрижидери, некој да не разбере погрешно.

Исто така информациите во врска со пациентите кои примиле крв, предвидено во членовите 29, 30, 31, 32 и 33 треба да се чуваат до 30 години. Каде ќе се чуваат? Колку пари се потребни за тоа? Значи, овој закон предвидува реорганизација на трансфузиологијата, меѓутоа не предвидува пари. Затоа уште еднаш прашувам како тогаш ќе се имплементира овој закон? Можеби себе си да се убедува Владата или да смета дека еве добро е да го донесе законот, меѓутоа никого не може да убедите дека без пари можете еден ваков закон да имплементирате.

Да заклучам, овој закон навистина требаше да претставува транспозиција на матичната Директива 98 од 2002 година и нејзините пратечки директиви во наш национален закон бидејќи земјите членки на Европската унија имаат обврска комплетно да ја усогласат својата Национална директива со оваа Директива до 8.02.2005 година. Значи, земјите членки на Европската унија го имаа тој рок, но потоа оваа обврска се прошири на земјите кандидати за членки на Европската унија. Ние се вбројуваме во земјите кандидати за членство во Европската унија, иако сметам дека Владата сака да го заборави и се повеќе го заборава овој наш кандидатски статус, во спротивно не би работела на одолговлекување на определувањето на преговарачки статус за членство Европската унија, но впрочем тоа е политика на Владата, секојдневно ние гледаме овде во Парламентот, со кое што секојдневно се соочуваме, а еве конкретно и сега во септември месец, кој што е многу важен за донесување на актите поврзани со извештајот на Европската комисија и секако стекнувањето на преговарачки статус, но наместо да разговараме за овие прашања поврзани со Европската унија, со законите на кои што е испринтано знамено на Европската унија, Владата секојдневно не затрупува со материјали кои што значат одолговлекување или раздолжување на тој процес на стекнување на преговарачки статус со доставување на акти кои што ни се поврзани со Европската унија, како што е впрочем и Изборниот законик кој сметам дека во овој момент е прашање што апсолутно не е битно за дискутирање во Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, сметам дека имате одлична интерпретација на текстот, задржете се на текстот.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Не грижете се за тоа потпретседателе, треба да се грижите за интересите на својата држава.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, задржете се на текстот.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Нема проблем ќе продолжам по текстот на законот, но користете ги овие забелешки добронамерни, бидејќи немаме друг начин како пратеници од опозицијата да влијаеме на дневниот ред, бидејќи сите наши предлози не ги прифаќате. Ова се укажувања и наши инсистирања кои треба да ја подобрат состојбата во која што се наоѓа Република Македонија, за што впрочем Владата не е загрижена.

Навистина овој закон не е доработен онака како што е потребно за да можеме да кажеме дека ќе ги задоволи функциите за кои што е наменет. Неговото предлагање да се усвои во скратена постапка, без јавна расправа може само навистина да предизвика дополнителни проблеми. Навистина да не го занемаруваме стручното мислење на нашите трансфузиолози со кои што и јас се консултирав при подготовката за моја дискусија во овој настап, но и мислењето на нашите крводарители, на пациентите односно кога ќе погледнеме сите ние сме длабоко засегнати да се донесе современ, но и ефикасен, но пред се функционален закон. Бидејќи со овој закон се засегнати огромен број на луѓе, навистина уште еднаш ќе го искажам својот став дека беше многу подобро овој закон да се разгледува во две фази, меѓутоа очигледно е дека Владата смета поинаку и за жал законот без јавна расправа, без учество на стручни лица ќе биде донесен овде во Парламентот, а гледам без

голем интерес на колегите од мнозинството, меѓутоа ќе видиме како ќе функционира во пракса.

Значи, особено ќе треба да се обрне внимание и во иднина на прашањата поврзани со реорганизацијата на установата, прашањата за авторизација, акредитација и лиценцирање, најважно системот за контрола на квалитетот како предуслов за квалитет во снабдување со крв, што е јасно прецизирано во спомenатата Директива но заради важноста регулирано е и во посебна Директива од 2005 година.

Навистина, можеме да зборуваме за недостатоци и недостатоци. Овој закон навистина има сериозни недостатоци гледано од стручен аспект. Сите други прашања можеме да ги занемариме, меѓутоа стручните прашања поврзани со безбедноста на крвта не можат во никој случај да се занемарат. Верувајте дека ќе се соочиме со ситуација кога во пракса ќе се јават пробелми во имплементацијата на законот, кога повтроно, наместо да го трошиме времето во Парламентот за некои други прашања, Владата соочена со пробелмите што ќе се јават, повторно ќе се врати овде во Парламентот со доработка на законот. Но, наместо да го направеше тоа сега со предлагање на текст, посебно во прва и во втора фаза, имаме едногодишно молчење од страна на Владата во однос на овој текст на законот и сега наеднаш ни се нуди еден неквалитетен текст со стручни недостатоци кои во функционирањето на установата за трансфузиологија, навистина ќе предизвика пробелми.

Да заклучам дека најважно од се е, ако сакаме да имаме квалитетно снабдување со крв во Република Македонија, не смее да се заборави крводарителот. Тој треба да биде во центарот на нашето внимание заради неговиот исклучително хуман чин на дарување дел од своето тело за спасување туѓи животи, а не да биде објект на искористување. Но, за жал, во овој закон наместо да се дефинира и ова прашање, ова прашање е пропуштено.

Јас како граѓанин, навистина би сакала имплементацијата на овој закон во пракса да нема пробелми, но за жал, уште еднаш ќе спомнам, веријатно ќе се јават проблемите за кои укажав, во консултации со нашите стручни лица, а секако и врз основа на компаративните согледувања кои наназад со години се појавуваат и кај самите земји членки на Европската унија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Ме изненадува фактот дека пратеничката прво не фалеше, па после не искритикува до бескрај.

Само да потсетам за јавноста.

1.Овој закон ги инкорпорира директивите од 2002/98, со кој се поставуваат стандардите за квалитет и безбедност на собирање, тестирање, процесирање, складирање и дистрибуција на човекова крв и крвни компоненти.

2.Препорака на Советот на соодветноста на дарителите на крв и плазма и на скрининг на дадената крв, во европската заедница 94/463/CO.

3.Директива на Комисијата, од 2004/33, со која се имплементира директивата од 2002/98 во однос на одредени технички барања за крвта и крвните компоненти.

4.Директива 2005/61 со која се имплементира директивата 2002/98, во однос на барањата за следливост и известување на сериозни несакани дејствија и настани.

5.Директива од 2005/62 со која се имплементира директивата од 2002/98, во однос на стандардите и спецификите на заедницата за системот на квалитет во крвните установи.

Овој текст на закон што е тука како предлог на Владата на Република Македонија, доби согласност од нашиот партнер од Република Франција и од тамошните стручњаци кои беа ангажирани, со ваков текст, со овие членови, доби согласност и не би сакала да создаваме забуна во таа насока, дали е усогласен или не е.

Она што е дилемата, како понатаму ќе функционира, членот 5 многу јасно прецизира дека установата за трансфузиона медицина е една единствена установа како и јавна здравствена установа. Во неа се инкорпорирани службите кои во моментот работат како посебни единици, посебни служби, број 21, во општите и специјалните болници распрснати по целата држава.

Се разбира дека со денот на влегување во сила на овој закон, има одреден временски период каде ќе се направат сите статутарни промени и овие служби што функционираат во рамките на општите и специјалните болници, ќе бидат составен дел на установата која се вика установа за трансфузиона медицина. Значи имаме еден правен субјект кој раководи и кој на некој начин ја спроведува суштината на овој закон.

Понатаму, болничка комисија. Ве молам, прочитајте го добро членот. Болничка комисија се однесува на реципиентите на крвта. Значи тие што ја употребуваат крвта.

И на крајот за фианнсиските средства. Тука многу јасно пишува дека за спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Значи толку средства колку и сега трошиме.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓеорѓиевкса:** Со својата реплика министерот само ги потврди сите прашалници што јас претходно ги поставив во својата дискусија, значи не одговори на ниту едно прашање, туку само уште еднаш се обиде да ни ги прочита оние работи што се наведени во

образложението на текстот на овој закон, читајќи ги директивите кои навистина се имплементирани. Но, и јас спомнав кои се директивите што се имплементирани во овој закон. Повторно министерот заборави да ги каже двете клучни директиви што воопшто не се ниту спомнати, ниту овој закон е усогласен со нив, директивата 94 од 2003, во однос на добрата производна пракса и директивата 62 од 2005, во однос на системот за обезбедување на квалитетна крв,како најзначајни прашања.

За финансиите, уште еднаш се потврди дека воопшто не се земени предвид.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Пред да ве повикам на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број н а пратеници кои се присутни во слаата.

Уште еднаш ги молам пратениците кои се надвор од салата, да влезат бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеници присутни во салата, гласале 60, за гласале 59, воздржани нема, 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за безбедност со снабдувањето со крв.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметковотствени податоци од земјоделски стопанства, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам претседателе.

Законот за воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства, го уредува воспоставувањето на мрежата и начинот на прибирање, обработка и користење на сметководствените податоци од земјоделските стопанства.

Содонесувањето на законот ќе се воспостави механизам за тековно прибирање на податоците од репрезентативни земјоделскис топанства, фарми, како основа за соодветна анализа на производството и пробелмите на пазарот на земјоделски и прехрамбени производи и појдовна основа на креирање на политиката во земјоделската област.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господинот Ацо Киров, повелте.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре.

Јас нема многу да ви одземам од времето за овој Предлог закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствените податоци од земјоделските стопанства.

Како прво би кажал дека овој предлог закон кој овде е пред нас, ние од СДСМ ќе го поддржиме, без разлика што имаме мали забелешки на овој Предлог закон.

Овој предлог закон се однесува или со него се уредува воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства и начинот на прибирање, обработка и користење на сметководствени податоци од земјоделсктие стопанства. Пред се тука битно е што се воспоставува една мрежа за прибирање на сметководствени податоци, со која се врши идентификација на годишниот доход на земјоделските стопанства и економска анализа на земјоделското стопанство,проценка на состојбата, нормално во земјоделството и пазарите со земјоделски производи.

Со оваа мрежа во овој предлог закон имаме дадено дека се формира комитет, носител на мрежата е пред се Министерството за земјоделие, потоа Националниот комитет кој го формира Министерството за земјоделие, одделение за сметководствени податоци или агенција за врски, Државен завод за статистика, Агенција за поттикнување и развој на земјоделието и земјоделските стопанства.

Така како што го имаме законот пред нас, немаме многу забелешки, но јас лично на Комисијата за земјоделие, тогаш не беше почитуваниот министер Спасеноски, туку беше заменик министерот и јас тогаш ја кажав мојата забелешка и сега не знам дали во општиот претрес да го кажам тоа или каде што имаме интервенирано амандмански.

Значи, пред се, добро, после ќе бидам пократок во амандманската расправа, јас не се согласувам со нациоаналниот комитет кој го формира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од причини што овој комитет е формиран од 10 члена.

Понатаму, во ставовите 3 и 4 од истиот член има дека комитетот донесува едногласно усвоено решение. Тоа го кажав и пред некој ден, дали во законот односно како што кажа заменик министерот дека тој е усогласен и земен како терк од некоја Западноевропска земја или некоја од соседните земји кои што туку се членки на Европската унија, но сепак кај мене се појавува

дилема околу ова, едногласно усвоено решение од бројот на членовите на овој комитет. Ако овие 10 члена немаат едногласно усвоено решение, тогаш за ова решение е одговорен министерот и тој одлучува.

Затоа, како што реков, тоа можеби ќе се исправи, не знам каков став има министерот, но од досегашната пракса мислам дека ќе остане вака Предлог-законот без измени односно без да може да се измени со амандманска интервенција, но сепак не би сакал да го прифатам едногласно усвоеното мислење, не знам зошто да биде едногласно, би бил поборник да има различни мислења и да знаеме што преовладува дали повеќе се за тоа, за усвојување на решението или за неусвојување на решението. Затоа имам предложено амандман членовите кои го сочинуваат комитетот, а кои ги предлага Министерството, да се зголемат, моето размислување беше дали да се зголемат за еден или да се намалат за еден, па да добиеме непарен број на членови во комитетот за да може ова мислење кое не мора да биде едногласно, туку да преовладее еден член повеќе со различно мислење од останатиот дел за да може да се донесе решението кое треба министерот да го прифати.

На тоа се однесува мојата забелешка, во овој Предлог-закон имаме репрезентативни стопанства кои се избираат преку Државниот завод за статистика кој црпи податоци од Агенцијата за врски, а Агенцијата е еден од клучните сегменти која дава податоци и на националниот комитет и врз основа на тие податоци донесува мислење. Се работи за оние мислења за кои пред малку зборував.

Тоа е од прилика тоа што сакав да го кажам моето мислење околу овој Предлог-закон. Како што кажав на почетокот ставот на СДСМ е сето тоа што има предзнак на Европската унија го поддржуваме и ќе се трудиме да бидеме што пократки во дискусиите за да донесеме што повеќе закони кои се од приоритетно значење за Европската унија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Би сакал и јас да се вклучам во расправата по однос на Предлогот за донесување на закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства. Колегата Ацо Киров го кажа ставот на нашата пратеничка група дека ќе го поддржиме законот, но она што сметам во однос на овој закон тоа е начинот на кој се уредува целиот систем околу прибирање на сметководствените податоци посебно во делот на доделувањето на улогата на одредени органи и нивните задачи при собирањето на овие податоци.

Цениме дека навистина со овој закон непотребно се вклучуваат многу тела, органи кои ќе работат на оваа проблематика, што во краен случај има ефекти во зголемување на издатоците од Буџетот на Министерството за финансии за расходи кои можеби не се приоритетни и потребни. Наместо тие средства да се доделат на непосредните земјоделски производители, исто така имаме зголемување на администрацијата, претпоставувам и на други именувани лица кои ќе примаат надоместок од Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Република Македонија кои, исто така можат да се избегнат до колку во одредени ситуации малку поинаку се поставил целиот систем околу прибирање на овие податоци.

На пример во законот е предвидено дека носители на мрежата околу прибирањето на сметководствени податоци се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, национален комитет за мрежата за сметководствени податоци од земјоделско стопанство, одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамки на Министерството за земјоделство, Државниот завод за статистика, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството со седиште во Битола и земјоделските стопанства.

Во натамошните членови од законот е утврдено што се нивните задачи и посебно околу задачите би се задржал на националниот комитет.

Значи, се формира едно тело - национален комитет кој во принцип или самото негово име треба да значи дека треба да има најважна улога, да биде центар во прибирање на сметководствените податоци, но, ова тело во суштина само ќе работи на давање на мислења. Нема никаква конкретна задача освен она што ќе го предложи Агенцијата за врски ќе мора да помине на мислење во националниот комитет и Министерството за земјоделство е тоа што на крајот ќе ги усвојува и плановите и другите извештаи околу прибраните сметководствени податоци.

Се прави едно непотребно, вака како што е предожен, улогата на националниот комитет се прави непотребно зголемување на трошоците и на луѓето кои ќе работат во националниот комитет. Сметам дека во оваа ситуација многу порационално, многу пологично би било дел од задачите навистина да ги преземе самиот национален комитет, бидејќи ако тој е составен од 10 члена од кои сите членови се во голем дел стручни по однос на проблематиката на земјоделските стопанства, може да даде друг значителен придонес во поквалитетно извршување на овие операции околу прибирањето на сметководствените податоци.

Исто така сметам дека во националниот комитет е многу мала застапеност на претставниците на здруженијата на земјоделците, бидејќи иако ова тело или официјално овој закон има за цел прибирање на сметководствени податоци, во суштина тие сметководствени податоци треба да дадат слика кои се проблемите на земјоделските стопанства во делот на пласманот на производи, во делот на откупните цени, во делот на начинот на функционирање, опременоста и тн. и многу е битно на националниот комитет да му се даваат многу други задачи.

Исто така министерот, конкретно за земјоделие, има неприкосновена улога на националниот комитет и во таа смисла ако националниот комитет не изгради мислење по одреден документ министерот е тој кој со своја одлука ќе одлучи во име на националниот комитет.

Сметам дека кога имате еден орган од 10 луѓе, ние предлагаме да бидат 11 и кога се сите од редот на еминентни стручњаци од делот на проблематиката на земјоделието, зошто министерот да има исклучителна надлежност или да биде над националниот комитет и да носи одлуки кои ќе ги побиваат мислењата или не може да му дозволи на националниот комитет да изгради мислење по одредени предлози од Агенцијата за врски во делот на планот на земјоделски стопанства и тн.

Мислам дека минситерот за земјоделие непотребно си дава преголема важност во однос на оваа операција, бидејќи националниот комитет е тој кој треба да биде на некој начин и организатор и контролор на целата оваа процедура околу прибирањето на сметководствени податоци за земјоделските стопанства.

Исто така сметам дека Државниот завод за статистика има нагласено улога, но во голем дел податоците од Државниот завод за статистика можат да се добијат и без да се назначи како еден од органите кој ќе работи на проблематиката на прибирање на сметководствени податоци. Затоа сметам дека непотребно се оптеретува законот со овој член.

Исто така Агенцијата за врски, не е наведено на пример на кој начин организационо и кадровски ќе биде структурирана. Колку луѓе ќе работат во неа, бидејќи постои дека има Одделение за прибирање на сметководствени податоци и дали тоа значи кога ќе прерасне на ниво на агенција, тука не се објаснува точно како ќе биде таа процедура, ќе се зголеми бројот на вработени, трошоци, ќе се смени нешто во начинот на работа на Агенцијата за врски, мислам дека министерот треба да одговори на овие прашања, бидејќи се многу битни во делот на рационализација на трошоците кои се даваат за работи кои не значат директна помош на земјоделците, а знаеме дека ситуацијата или состојбата е многу лоша во делот на земјоделието.

Исто така телото за прибирање на сметководствени податоци е предвидено да биде Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството со седиште во Битола, што во суштина е можеби добро решение, но министерот не кажува, па мислам дека должи објаснување дали доволно кадровски може оваа Агенција да одговори на барањата за прибирање на сметководствени податоци, дали и тука се планира некое зголемување на бројот на вработени, повторно правење трошоци кои не се продуктивни и не значат помош на дирекните земјоделци...

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега, само да ви укажам дека сме на една минута до завршување на работното време.

**Марјанчо Николов:** Може утре да продолжам.

**Иван Анастасовски:** Не, само да ви укажам, ако планирате така, конвертирајте си ја дискусијата, па утре...

**Марјанчо Николов:** Ќе скратам, значи земјоделски стопанства.

Во делот на дефинирањето кои услови треба да ги исполнува едно земјоделско стопанство од ставот 1 втората алинеја да претставува репрезентативен примерок на ниво на регионот и државата.

Сега би го запрашал министерот кои се критериумите, дали Министерството има утврдено критериуми кои се репрезентативни примероци на земјоделски стопанства кои ќе бидат вклучени при прибирањето на податоците и кои се регионите, како се поделени, на кој основ, бидејќи е многу битно, знаеме дека во земјоделието има многу гранки кои треба да бидат опфатени со овие процеси на прибирање на сметководствени податоци.

Бидејќи сме на крајот на работното време, сакам да кажам дека во текот на утрешниот ден се надевам ќе отвориме дебата, дека министерот ќе одговори на прашањата за колку ќе се зголеми Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој дел односно колку средства се предвидени да профункционира целата мрежа и кои се оние критериуми за определување на репрезентативен примерок на земјоделско стопанство.

Би замолил за одговор од министерот, па се надевам дека во текот на утрешниот ден ќе имаме подолга дебата.

**Иван Анастасовски:** Апсолутно колега, ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

Бидејќи работното време заврши, овде ја завршуваме нашата работа.

Продолжуваме утре со истата седница во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,02 часот)